СЛУЖБ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 27 октом

БЕЛГРАД

БРОЈ 66 ГОД. XLV

... динари. – Аконтација на претплатата за 1989 година изнесува 430.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756; Телефакс 651-482

1830 Službeni vesnik SR Makedonije 91001 Skopje fah 51

1022.

Врз основа на член 281 став 1 точка 14 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 11 ст. 1 и 2 од Законот за статистичките истражувања од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/73, 9/76 и 63/86), Собранието на СФРЈ на седницата на Сојузниот собор од 19 октомври 1989 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА ЦЕЛАТА ЗЕМЈА ЗА 1990 ГОДИНА

1. Се утврдува Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1990 година, што ги содржи статистичките истражувања кои не се опфатени со Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за периодот од 1986 до 1990 година, како и измените и дополненијата на статистичките истражувања опфатени со таа програма и со програмите на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1987, 1988 и 1989 година.

2. Статистичките истражувања од точка 1 на оваа одлука и статистичките истражувања што, според одлуките за утврдување програмите на статистичките истражувања од интерес за целата земја за периодот од 1986 до 1990 година и за 1987, 1988 и 1989 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 76/85, 60/86, 2/88 и 2/89) се спроведуваат во 1990 година, ќе се спроведат според тие програми.

3. Статистичките истражувања од интерес за целата земја што се спроведуваат во 1990 година ќе се финансираат според програмите од точка 1 на оваа одлука.

4. Статистичките истражувања предвидени со Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за периодот од 1986 до 1990 година се содржани во одделите: Статистика на самоуправувањето – Истражувања што се спроведуваат во повеќегодишни интервали под реден број 9 Истражување за составот на органите и за некои резултати од активностите на месните заедници (МЗ-1) – двегодишно од 1987 година; Статистика на стопанските биланси – Сводни аналитички истражувања под реден број 7. Периодични финансиски сметки на Југославија – тримесечно јануари-март и јануари-јуни – јануари-септември, 8. Периодични финансиски сметки на републиките и на автономните покраини – тримесечно јануари-март, јануари-јуни и јануари-септември, 9. Финансиски сметки на Југославија – годишно и 10. Финансиски сметки на републиките и на автономните покраини – годишно; Статистика на работењето на организациите на здружен труд и на други организации и заедници – Истражувања што се спроведуваат секоја година под реден број 3. Месечен извештај за постапката на санација (С), реден број 4. Месечен извештај за неизвршени обврски на корисниците на општествени средства евидентирани во редоследот за наплата кај (СОК-Л), реден број 6. Пресметка на средствата за исплата на бруто личните доходи во случај не неликвидност (ЛДН), реден број 7. Пресметка на средствата за исплата на бруто личните доходи во случај на искажана загуба во периодичната пресметка (ЛДГ-1) реден број 8. Пресметка на средствата за исплата на бруто личните доходи во случај на искажана загуба по завршната сметка (ЛДГ-2) реден број 10. Периодична пресметка на организациите на здружен труд (за три, шест и девет месеци): – деловни резултати во текот на годината – посебни податоци покрај деловниот резултат во текот на годината, реден број 11. Финансиски резултати од работењето за потребите на општествениот стандард (за три, шест и девет месеци и една година) реден број 12. Периодична пресметка на претпријатие, погони и други единици во странство (за шест и девет месеци): деловни резултати во текот на годината – посебни податоци – дополнителни податоци реден број 13. Податоци за мешовито претпријатие во странство (МПС): полугодишно, годишно, реден број 14. Податоци за работно-деловна единица во странство (РЕ-2) – полугодишно – годишно реден број 17. Податоци за вложување на средствата на странски лица (ВССЛ) – годишно, реден број 18. Завршна сметка на организациите на здружен труд: – биланс на состојбата – биланс на успехот, – посебни податоци кон билансот на успехот реден број 19. Збирен и консолидиран биланс на успехот на работната организација: биланс на успехот – посебни податоци – реден број 19а. Збирен и консолидиран биланс на успехот на сложената организација на здружен труд: биланс на успехот – посебни податоци – консолидиран биланс на успехот, реден број 20. Завршна сметка на претпријатие, погони и други работни единици во странство: биланс на состојбата – биланс на успехот – посебни податоци – дополнителни податоци, ред. бр. 26. Ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка КОС (Р); реден број 27. Ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на претпријатија, погони и други единици во странство (Р) и реден број 28. Пресметка на обртните средства и на изворите на обртни средства (ОБС) и – Сводни аналитички истражувања под реден број 1. Споредбени показатели за искажување на резултатите од трудот и работењето на основните организации на здружен труд: полугодишно – годишно, реден број 2. Минимум на основните показатели за планирање и следење на остварувањето на плановите на организациите на здружен труд, ред. бр. 3. Минимум на основните показатели за планирање и следење на остварувањето на плановите на самоуправните интересни заедници и реден број 4. Минимум на основните показатели за планирање и следење на остварувањето на плановите на месните заедници; Статистика на парите и кредитите – Сводни аналитички истражувања под реден број 1. Минимум на основните показатели за планирање и следење на остварувањето на плановите на заедниците за осигурување на имот и лица; Статистика на цените – Сводни аналитички истражувања, под реден број 7. Полугодишно истражување на паритетот на домашните цени и на цените на светскиот пазар (ПЦ-1); Статистика на сообраќајот и врските – Истражувања што се спроведуваат секоја година, под реден број 3. Месечен извештај за прометот во луките (СП/М-31); Статистика на угостителството и туризмот – Истражувања што се спроведуваат секоја година, под реден број 4. Анкета за прогноза на туристичкиот промет (ТУ-11а) – годишно; Статистика на населението – Сводни аналитички истражувања, под реден број 3. Таблички на морталитетот од 1980 до 1982 – десетгодишно – од 1987 година, 4. Таблички на фертилитетот од 1980 до 1982 – десетгодишно од 1987 година и 8. Биланси на населението – годишно; Статистика во областа на здравството – Истражувања што се спроведуваат секоја година под реден број 10. Извештај за прометот – потрошувачката на лекови (Образец 3-12-60) и 11. Извештај за прометот – потрошувачката на опојни дроги (образец 3-12-61); Статистика на општествената заштита на децата и младината и социјалната заштита – Истржувања што се спроведуваат секоја година, под реден број 5. Годишен

извештај за остварување на основните права на борците, воените инвалиди и на семејствата на паднати борци – боречко-инвалидска заштита и Статистика на правосудството – Истражувања што се спроведуваат секоја година, под реден број 10. Пробно истражување за осудените полнолетни лица за кривични дела во стек (СК-2/СТ) – собирање месечно, обработка годишно), како и статистички истражувања предвидени со Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1987 година, содржани во оддел I. Нови истражувања – Статистика во областа на здравството, под реден број 1. Извештај за случај на труење – собирање тримесечно, обработка годишно и 2. Следење на прометот на опасни материи – собирање тримесечно, обработка годишно и со Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1988 година содржани во оддел I. Нови истражувања – Статистика на работењето на организациите на здружен труд и на други организации и заедници, под реден број 2. Пресметка на средствата за исплата на бруто личните доходи во случај на настанување на растројство во работењето (ЛДР) нема да се спроведуваат во 1990 година.

5. Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1990 година претставува составен дел на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 837
19 октомври 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Богдана Глумац-Леваков, с. р.

1023.

Врз основа на член 281 став 1 точка 14 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со член 11 ст. 1 и 2 од Законот за статистичките истражувања од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/73, 9/76 и 63/86), Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 19 октомври 1989 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА ЦЕЛАТА ЗЕМЈА ЗА 1989 ГОДИНА

1. Се утврдуваат Измените и дополненијата на Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1989 година, што ги содржат статистичките истражувања кои не се опфатени со Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја во периодот од 1986 до 1990 година, како и измените и дополненијата на статистичките истражувања опфатени со таа програма и со Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1989 година.

2. Статистичките истражувања од точка 1 на оваа одлука и статистичките истражувања што според Одлуката за утврдување на Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за периодот од 1986 до 1990 година и за 1989 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 76/85 и 2/89) се спроведуваат во 1989 година, ќе се спроведат според тие програми.

3. Статистичките истражувања предвидени со Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за периодот од 1986 до 1990 година се содржани во одделот: Статистика на работењето на организациите на здружен труд и на другите организации и заедници – Истражувања кои се спроведуваат секоја година, под ред. бр. 10 (Периодична пресметка на организациите на здружен труд – за шест и девет месеци); ред. бр. 12 (Периодична пресметка на претпријатија, погони и други единици во странство – за три, шест и девет месеци); ред. бр. 26 (Ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка КОС-Р); ред. бр. 27 (Ревалоризација на основните средства и на средствата на заедничката потрошувачка на претпријатија, погони и на други единици во странство-Р) и ред. бр. 28 (Пресметка на обртните средства и на изворите на обртни средства-ОБС) нема да се спроведува во 1989 година.

4. Програмата на Измените и дополненијата на Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1989 година претставува составен дел на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

АС бр. 838
19 октомври 1989 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
д-р **Слободан Глигориевиќ**, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
Богдана-Глумац-Леваков, с. р.

1024.

Врз основа на член 290в став 2, член 290г став 2 и член 290д став 3 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85, 37/88 и 40/89), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ И РАБОТИТЕ И НА НИВНАТА ВРЕДНОСТ, ЗА НАЗИВИТЕ НА ТИЕ ЗАДАЧИ И РАБОТИ И ЗА УСЛОВИТЕ ЗА НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ И НАЧИНОТ НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат задачите и работите што ја сочинуваат содржината на групите задачи и работи од член 290б на Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата (во натамошниот текст: Законот) и вредностите на тие задачи и работи според нивната сложеност, одговорност во работата, обемот и квалитетот и условите за нивното извршување, а во рамките на распонот на коефициентите утврдени со Законот, единствените називи на задачите и работите во рамките на тие групи, како и условите за нивно извршување.

Со оваа уредба се утврдува и начинот на усогласување на основицата за пресметка на личните доходи на работниците во сојузните органи на управата и сојузните организации, начинот и постапката за утврдување на основицата за пресметка на средствата за лични доходи на контролорите на летањето и за определни задачи и работи во Техничката и Метеоролошката служба и на Службата за врски во Сојузната управа за контрола на летањето.

Член 2

Задачите и работите распоредени во групите од член 290б на Законот се утврдуваат според нивниот вид, сложеноста, сродноста и значењето.

Член 3

Единствените називи на задачите и работите и условите за нивното извршување се определуваат во согласност со природата и степенот на сложеноста на задачите и работите.

Единствени називи на задачите и работите се: самостоен советник, советник, стручен соработник, виши соработник, соработник, референт и канцелариски референт.

Единствени услови за вршење на задачите и работите се: соодветен степен на стручна подготовка, стручна оспособеност и соодветно работно искуство.

Називите на задачите и работите што во рамките на група задачи и работи ги вршат одделни извршители се утврдуваат во согласност со сложеноста на задачите и работите, степенот на одговорноста во работата и условите пропишани за нивното извршување.

Сложеноста на задачите и работите се утврдува според видот и значењето на работите и сложеноста на предметот на работа. По видот, задачите и работите можат да бидат од наједноставни-манипулативни до најсложени-творечки работи, а по значењето – задачите и работите се утврдуваат во зависност од нивното влијание на другите делови на работниот процес. Во зависност од сложеноста на предметот на работа, задачите и работите можат да бидат од наједноставни (општи усни упатства) до посложени предмети на работа (нормативно-правни работи и сл.).

Одговорноста за извршувањето на задачите и работите се утврдува во зависност од степенот на одговорноста за законито, навремено и квалитетно вршење на задачите и работите, за извршувањето на утврдената политика, за преземањето соодветни мерки, за целосно и точно следење на состојбата и предлагање на потребни мерки.

Член 4

Ако за вршењето на определени задачи и работи во сојузните органи на управата односно сојузните организации, со законот, со друг пропис или општ акт за систематизацијата на задачите и работите, се утврдени посебни називи на задачите и работите, заради нивно распоредување во соодветни групи, тие називи се приспособуваат кон соодветните називи од оваа уредба.

II. ЗАДАЧИ И РАБОТИ ШТО ЈА СОЧИНУВААТ СОДРЖИНАТА НА ГРУПИТЕ, ЕДИНСТВЕНИ НАЗИВИ НА ТИЕ ЗАДАЧИ И РАБОТИ И УСЛОВИ ЗА НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ

Член 5

Нормативно-правни и студиско-аналитички задачи и работи се:

1) организирање и раководење со работата на нормативно-правни и студиско-аналитички задачи и работи;

2) стручна обработка на системски и други прашања и проблеми од пошироко значење што треба да се вградат во пропис, изработка на концепција и основи за донесување на закони, други прописи и општи акти што ги донесува Собранието на СФРЈ и Сојузниот извршен совет и за одлучување за преземањето на соодветни мерки;

3) изработка на нацрти и предлози на закони, други прописи и општи акти и стратегија на општествено-економскиот развој што ги донесува Собранието на СФРЈ и Сојузниот извршен совет;

4) изработка на основи за водење преговори и предлози на закони за ратификација на меѓународни договори;

5) следење на појави од интерес за остварување на уставноста и законитоста, заштита на самоуправните права и општествената сопственост и подготвувањето мислења за оцена на уставноста и законитоста;

6) изработка на прописи што ги донесуваат сојузните органи на управата и сојузните организации;

7) проучување и изработка на методологии за истражувања за одделни прашања од определено подрачје;

8) давање стручни мислења за нацрти и предлози на закони, други прописи и општи акти, како и за примената на закони, други прописи и општи акти, документи за остварување на меѓународна и меѓурепубличка соработка и документи за развој на техничко-технолошки системи и други студиско-аналитички материјали што се разгледуваат во Претседателството на СФРЈ, Собранието на СФРЈ и Сојузниот извршен совет;

9) самостојна стручна обработка на предмети во правосудните органи и во Сојузниот совет за прекршоци;

10) обезбедување методолошко единство на прописите и општите акти;

11) проектирање на најсложени информациони системи од интерес за целата земја и нивна автоматизација, модернизација и примена на информациона технологија во најсложените информациони системи;

12) изработка на анализи, елаборати, студии и програми што служат како стручна основа за утврдување и спроведување на политиката и изработка на истражувачко-развојни проекти;

13) програмирање и планирање на работата на сојузните органи на управата и сојузните организации, на стручните и други служби на Сојузниот извршен совет, сојузните органи на управата и сојузните организации;

14) најсложени работи на одбранбените подготовки и општествената самозаштита;

15) изработка на самоуправни општи акти;

16) најсложени финансиско-материјални работи.

Задачите и работите од став 1 точ. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 11 и 12 на овој член за чие вршење како услов се предвидува завршен факултет односно VII степен стручна подготовка, назив самостоен советник, со соодветен степен на стручна оспособеност за извршување на определени работи и со соодветно работно искуство на тие работи се најсложени и се вреднуваат со коефициент од 3,50 до 4,00, а работите од став 1 точка 10 на овој член, за чие вршење како услов се предвидува завршен факултет односно VII степен стручна подготовка, назив самостоен советник со соодветен степен стручна оспособеност за извршување на определени работи и со соодветно работно искуство на тие работи, се сложени и се вреднуваат со коефициент од 3,30 до 3,50, а работите од став 1 точ. 13, 14, 15 и 16 на овој член, за чие вршење како услов се предвидува завршен факултет односно VII степен стручна подготовка, назив самостоен советник со соодветен степен стручна оспособеност за извршување на определени задачи и работи и со соодветно работно искуство на тие работи, се помалку сложени и се вреднуваат со коефицент од 3,20 до 3,30.

Член 6

Управно-надзорни задачи и работи се:

1) организирање и раководење со работата во вршењето на управно-надзорни задачи и работи;

2) непосреден инспекциски надзор над применувањето на сојузните прописи и оперативен надзор над работата на подрачните органи;

3) решавање во управна постапка во прв и втор степен и решавање во прекршочна постапка во прв степен;

4) еталонирање на сложена електронска опрема;

5) задачи и работи на усно преведување од странски јазици и од јазиците на народите и народностите на Југославија, работи на преведување на меѓународни договори, нацрти и предлози на закони, други прописи и општи акти и работи, обработка на термини;

6) материјално-финансиски, комерцијални и на нив соодветни задачи и работи;

7) проектирање и работи на автоматизирање на работните процеси и обработка на податоци, со примена на најсовремените методи и технологии во областа на информациониот систем и модернизација на техничката база на информациониот систем;

8) обезбедување функционалност на сложените електро-енергетски, термо-технички, сигнално-сигурносни, телекомуникациони и други постројки, уреди и инсталации.

Задачите и работите од став 1 точ. 1, 2, 3, 5, 7 и 8 на овој член за чие вршење како услов се предвидува завршен факултет односно VII степен стручна подготовка и назив самостоен советник со соодветен степен на стручна оспособеност и со соодветно работно искуство на тие работи, се најсложени и се вреднуваат со коефициент од 3,20 до 3,40, а работите од став 1 точ. 4 и 6 на овој член за чие вршење како услов се предвидува завршен факултет односно VII степен стручна подготовка, назив самостоен советник со соодветен степен на стручна оспособеност и со соодветно работно искуство на тие работи, се сложени и се вреднуваат со коефициент од 2,90 до 3,20.

Член 7

Управни, стручни, информатички и документациони задачи и работи се:

1) организирање и раководење со работата во вршењето на управни, стручни, информатички и документациони задачи и работи;

2) непосредно применување на сојузните прописи;

3) царинење на стоки и лабораториски анализи;

4) давање објасненија и мислења во поглед на применувањето на подзаконските прописи;

5) преведување на посложени текстови од странски јазици и изработка на текстови на јазиците на народите и народностите на Југославија;

6) задачи и работи на изработка на проекти за автоматска обработка на податоци;

7) разработка на проекти, изработка на проектни модули и организација на програмирањето на автоматска обработка на определени проекти;

8) обезбедување на документациона основа на изработка на анализи, елаборати, извештаи и сл. и подготовка на тематски библиографии и прегледи.

Задачите и работите од став 1 точ. 1 до 8 на овој член за чие вршење, како услов, се предвидува завршен факултет односно VII степен стручна подготовка, назив советник со соодветно работно искуство на тие работи, се сложени и се вреднуваат со коефициент од 2,80 до 2,90, а задачите и работите за чие вршење како услов се предвидува факултет односно VII степен стручна подготовка, назив стручен соработник со една година работно искуство, се помалку сложени и се вреднуваат со коефициент од 2,60 до 2,70.

Член 8

Стручно-оперативни задачи и работи се:

1) организирање и раководење со работата на вршење стручно-оперативни задачи и работи;

2) подготвување и обработка на податоци и документи по утврдена методологија;

3) задачи и работи на дебатен стенограф;

4) водење на посложени пропишани регистри и посложени уписници;

5) изработка на програми за автоматска обработка на податоци;

6) управување со сметачи и одржување на посложени постројки и уреди и технички средства за работа;

7) задачи и работи на криптологија;

8) задачи и работи на царинска контрола во патничкиот промет и царински надзор;

9) контролно-инспекциски задачи и работи;

10) непосредно обезбедување на сојузните органи и организации, на странските дипломатско-конзуларни претставништва и обезбедување на определени личности;

11) задачи и работи на технички секретари и возачи на моторни возила кај највисоките функционери на сојузните органи и членовите на Сојузниот извршен совет;

11. занаетчиски задачи и работи.

Задачите и работите од став 1 точ. 1, 2, 3, 5, 7, 8 и 9 на овој член за чие вршење, како услов, се предвидува завршена виша школа односно VI или V степен стручна подготовка, назив виши соработник со соодветна стручна оспособеност и соодветно работно искуство на тие работи, се сложени и се вреднуваат со коефициент од 2,30 до 2,50, а од став 1 точ. 4, 6, 10, 11 и 12 на овој член за чие вршење како услов се предвидува завршена виша школа односно VI или V степен стручна подготовка односно ВК, назив соработник со соодветна стручна оспособеност и соодветно работно искуство односно назив милиционер за кој како услов за извршување на задачите и работите се предвидува средна школска подготовка односно V или IV степен стручна подготовка со соодветна стручна оспособеност и соодветно работно искуство, се помалку сложени и се вреднуваат со коефициент од 2,15 до 2,30.

Член 9

Оперативно-технички, финансиско-материјални и канцелариски задачи и работи се:

1) организирање и раководење со работата за извршување на оперативно-технички, финансиско-материјални и канцелариски задачи и работи;

2) контрола и царински надзор;

3) контролно-инспекциски задачи и работи и работи на преглед на работни еталони, мостри на референтни материјали и мерила за кои е задолжителен преглед и испитување и жигосување на предмети од скапоцени метали;

4) подготвување на податоци за сметач и опслужување на сметач;

5) задачи и работи на печатење, техничка редакција, калиграф и картотекар;

6) стенографски, стенодактилографски и дактилографски задачи и работи;

7) воспоставување внатрешни и надворешни телефонски и телепринтерски врски;

8) задачи и работи на возачи на моторни возила и возачи доставувачи;

9) материјално-финансиски задачи и работи;

10) непосредно физичко обезбедување на објекти и противпожарна заштита;

11) технички секретар кај функционер кој раководи со сојузен орган;

12) канцелариски и административни задачи и работи;

13) умножавање на материјали;

14) занаетчистки задачи и работи.

Задачите и работите од став 1 точ. 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8, 9, 11 и 14 на овој член, за чие вршење како услов се предвидува средна школска подготовка односно V или IV степен стручна подготовка и назив соработник, односно ВК или КВ со соодветна стручна оспособеност и соодветно работно искуство, се помалку сложени и се вреднуваат со коефициент од 2,00 до 2,10, а од став 1 точ. 7, 10, 12 и 13 на овој член, за кои како услов се предвидува средна стручна подготовка односно V или IV степен стручна подготовка и назив референт и канцелариски референт со една година работно искуство, се едноставни и се вреднуваат со коефициент од 1,85 до 2,00.

Член 10

Манипулативни задачи и работи се:

1) прием, разведување, распоредување, пакување и експедиција на пошта;

2) надворешна и интерна достава на пошта и предмети;

3) пренесување на инвентар;

4) задачи и работи на фотокопирни и слични апарати;

5) одржување на чистота.

Задачите и работите од став 1 на овој член, за чие вршење како услов се предвидува завршено основно училиште, се едноставни и се вреднуваат со коефициент 1,30.

За задачите и работите од став 1 на овој член не се утврдуваат називи.

Член 11

Ако во делокругот на одделни сојузни органи на управата и на сојузни организации постојат задачи и работи што не се опфатени со одредбите на чл. 5 до 10 на оваа уредба, тие се распоредуваат според обележјата на групите задачи и работи што се утврдени со оваа уредба.

III. УТВРДУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ И РАБОТИТЕ НА КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕТО И ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАДАЧИ И РАБОТИ ВО ТЕХНИЧКАТА И МЕТЕОРОЛОШКАТА СЛУЖБА И СЛУЖБАТА ЗА ВРСКИ ВО СОЈУЗНАТА УПРАВА ЗА КОНТРОЛА НА ЛЕТАЊЕТО И СООДВЕТЕН ПРОЦЕНТ ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ЛИЦАТА ШТО ГИ ВРШАТ ТИЕ ЗАДАЧИ И РАБОТИ

Член 12

Задачи и работи на контролори на летањето, во смисла на оваа уредба, се:

1) задачи и работи на контролори на летањето и најсложени задачи и работи на контрола на летањето и работи на организација на системот на контрола на летањето и изработка на прописи и постапки за безбедно полетување и слетување на воздухоплови и за работа на контролата на летањето;

2) задачи и работи на помошник контролор на летањето, контролор на летањето на кула и помалку сложени задачи и работи во врска со организацијата на системот на контрола на летањето:

3) технолошка подготовка на контролата на летањето и други задачи и работи на контрола на летањето.

Средствата за лични доходи за задачите и работите од став 1 на овој член се утврдуваат во височина од 90% од просечниот личен доход на пилот-летач, без надоместот за работа во воздухоплов (летачки додаток) во организациите на здружен труд на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија остварен во претходниот месец.

Член 13

Задачи и работи што се вршат во Техничката служба во Сојузната управа за контрола на летањето, во смисла на оваа уредба, се:

1) планирање, проектирање и организирање на технички системи за потребите на контролата на летањето и метеоролошкото обезбедување на воздушната пловидба;

2) поставување на системи или на делови на системи и калибража на технички системи, уреди и објекти;

3) одржување и поправка на технички системи, уреди и објекти и други технички работи.

Средствата за лични доходи за задачите и работите од став 1 на овој член се утврдуваат во височина од 80% од просечниот личен доход на пилот-летач, без надоместот за работа во воздухоплов (летачки додаток) во организациите на здружен труд на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија остварен во претходниот месец.

Член 14

Задачи и работи што се вршат во метеоролошката служба во Сојузната управа за контрола на летањето, во смисла на оваа уредба, се:

1) планирање и организирање на метеоролошко обезбедување на воздушната пловидба, најсложени работи на метеоролошко обезбедување на воздушната пловидба, изработка на прописи кои ја регулираат технологијата и начинот на работа на воздухопловната метеорологија, унапредување на методите, системот и уредите за метеоролошко обезбедување на воздушната пловидба;

2) метеоролошко обезбдување на воздушната пловидба, следење и применување на развојот за прогноза на времето, усовршување на постапката на метеоролошко мерење, изработка и издавање на предупредувања и известувања за метеоролошките услови;

3) помалку сложени задачи и работи на собирање, обратока и пренос на метеоролошките податоци кои влијаат врз условите на летањето како и изработка на метеоролошки извештаи, доставување на податоци за времето на корисниците на аеродромот и други слични работи.

Средствата за личните доходи за задачите и работите од став 1 на овој член се утврдуваат во висина на 75% од просечниот личен доход на пилот-летач, без надомест за работа во воздухоплов (летачки додаток) во организации на здружен труд на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија остварен во претходниот месец.

Член 15

Задачи и работи што се вршат во Службата за врски во Сојузната управа за контрола на летањето, во смисла на оваа уредба, се:

1) планирање и организирање на системот на врски на контролата на летањето и најсложени задачи и работи во таа област, изработка на анализа на состојбата на системот на врски и криптозаштита и предлагање на мерки за унапредување и развој на телекомуникационите системи, и изработка на прописи за работата на Службата;

2) собирање и обработка на податоци кои влијаат врз условите на летањето и пренос на тие податоци и примена на прописите во таа област;

3) контрола на пораките преку телекомуникациониот систем и состојбата на врските и периферните единици како и корекција на податоците со грешка и други работи во Службата.

Средствата за личните доходи за задачите и работите од став 1 на овој член се утврдуваат во висина на 70% од просечниот личен доход на пилот-летач, без надомест за работа во воздухоплов (летачки додаток) во организации на здружен труд на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија остварен во претходниот месец.

IV. НАЧИН НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА РАБОТНИЦИТЕ И НАЧИН И ПОСТАПКА НА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ЗАДАЧИТЕ И РАБОТИТЕ

Член 16

Износот на месечната аконтација на средствата за личните доходи на работниците на сојузен орган на управата, односно на сојузна организација по основ на тековен труд се добива кога коефициентите утврдени во чл. 5 до 10 на оваа уредба за одделни задачи и работи, што ја чини содржината на групите, односно за приправници утврдени со член 290ѓ од Законот, се помножат со основицата за пресметка на личните доходи на работниците и со пополнетиот број на извршителите, односно со бројот на приправници и така добиените износи се соберат.

Износот на месечната аконтација на средствата за лични доходи на работниците од член 290д став 2 на Законот, по основ на тековен труд, се добива кога процентите утврдени во чл. 12 до 15 од оваа уредба за одделни задачи и работи се помножат со просечниот личен доход на пилот-летач, без надомест за работа во воздухоплов (летачки додаток) во организации на здружен труд на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија остварен во претходниот месец и со пополнетиот број извршители и така добиените износи се соберат.

Ако просечниот личен доход на пилот-летач од став 2 на овој член е понизок од просечниот личен доход по работник исплатен во претходниот месец во стопанството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно во стопанството на републиката или на автономната покраина во која е седиштето на подрачната организациона единица на Сојузната управа за контрола на летањето помножен со коефициентот 3,90, на работниците од член 290д став 2 на Законот им се обезбедува основица за пресметка на личниот доход во висина на просечниот личен доход на работник исплатен во претходниот месец во стопанството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно во стопанството на републиката или автономната покраина, ако е тоа за работниците на таа подрачна организациона единица поповолно, помножен со коефициентот 3,90.

Износот на основицата за пресметка на личните доходи на работниците од член 290г на Законот го утврдува сојузниот секретар за финансии по истекот на месецот врз основа на официјалниот податок на Сојузниот завод за статистика за секој месец посебно.

Износот на средствата од ст. 1 и 2 на овој член се зголемува за износот на средствата што се стекнуваат по основ на работно искуство како дел од тековниот труд и за износот на средствата што се стекнуваат по основ на управување и стопанисување со општествени средства.

Член 17

Делот од личниот доход по основ на тековен труд, кој се утврдува врз основа на вкупното работно искуство, изнесува најмногу 20% во однос на делот од личниот доход по основ на тековниот труд. Тој дел од личниот доход се утврдува така што делот од личниот доход по основ на тековен труд се зголемува за секоја започната година на работниот стаж до законски утврдениот најдолг стаж на осигурување за остварување на правото на старосна пензија за 0,50%, со тоа што на работниците – жени, по навршените 25 години работен стаж тој процент им се зголемува за 0,25%, а се пресметува и исплатува на секој исплатен личен доход по основ на тековниот труд.

Под работен стаж во смисла на став 1 од овој член се подразбира стаж на осигурување со ефективно траење и стаж на осигурување што се смета со зголемено траење, освен времето поминато по престанокот на задолжително осигурување за кое е платен придонес (продолжено осигурување).

Член 18

Средствата по основ на управување и стопанисување со општествени средства се утврдуваат врз основа на просечното учество на средствата за бруто лични доходи по основ на управување и стопанисување со општествени средства во вкупните средства за бруто личните доходи на работниците во стопанството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, односно во стопанството на републиката, односно на автономната покраина во која е седиштето на подрачниот орган односно на подрачната организациона единица на сојузниот орган на управата односно на сојузната организација ако е тоа за работниците на тој подрачен орган односно на таа подрачна организациона единица поповолно.

Средствата од став 1 на овој член се распоредуваат на начинот како што е утврдено со самоуправниот општ акт на работните заедници на сојузните органи на управата односно на сојузните организации за распределба на средствата за лични доходи по основ на тековен труд.

Член 19

Вредноста на задачите и работите што ја чинат содржината на групите од чл. 5 до 10 на оваа уредба се утврдува со множење на просечниот личен доход на работниците исплатен во стопанството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во претходниот месец односно со множење на просечниот личен доход на работниците исплатен во претходниот месец во стопанството на републиката, односно на автономната покраина во која е седиштето на подрачниот орган, односно на подрачната организациона единица на сојузниот орган на управата, односно на сојузната организација, ако е тоа за работниците на тој подрачен орган односно на таа подрачна организациона единица поповолно, утврден со коефициентите.

Член 20

Распоредувањето на задачите и работите во определени групи и утврдувањето на коефициентите во смисла на Законот и оваа уредба го врши Комисијата на Сојузниот извршен совет за кадровски, стамбени и административни прашања, на предлог од функционерот кој раководи со Сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација, по прибавеното мислење од сојузниот орган на управата надлежен за прашањата на правосудство и управата.

На решението од Комисијата од став 1 на овој член функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата, односно со сојузната организација може да вложи, во рок од 15 дена, приговор до Сојузниот извршен совет.

Одлуката на Сојузниот извршен совет од став 2 на овој член за распоредувањето на задачите и работите во соодветни групи е конечна.

Член 21

За задачите и работите за кои е пропишано наградување според учинокот-нормата, а средствата за остваруваниот учинок – норма ги надминуваат средствата за личните доходи обезбедени во смисла на член 19 од оваа уредба, се утврдуваат средства според остварениот учинок–норма, а најмногу до 20% од вкупните средства утврдени за тие задачи и работи.

Задачите и работите од став 1 на овој член и единствените нормативи ги утврдува функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за прашањата на праводуството и управата.

Член 22

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ"

Е п бр 681
26 октомври 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с р

102

Врз основа на член 185 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр 23/78, 21/82 18/85 и 37/88) и врз основа на член 142 во врска со чл 107, 132 и 134 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр 66/85, 71/86, 3/88 и 59/88), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА ИЗДАТОЦИТЕ ЗА УЖБЕНИ ПАТУВА А И СЕЛИДБИ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Урадбата за издатоците за службени патувања и елидби во странство („Службен лист на СФРЈ", бр 42/87, 24/88 61/88 и 32/89) во член 11 ставот 3 се менува и гласи:

„По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, из датокот за дневен одмор на членовите на екипажот на воздухопловот при вршењето на службено патување во странство се пресметува врз основа на хотелска сметка во смисла на став 1 од овој член, во услови кога времето на задружување на аеродромот е подолго од четири часа помеѓу два лета во текот на 24 часа."

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 650
25 септември 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Живко Прегл, с. р.

1026.

Врз основа на член 187 од Законот за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/88 и 40/89), Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА УПИС ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ СТОПАНСКА ДЕЈНОСТ*

Член 1

Во Уредбата за упис во судскиот регистар на претпријатија и други правни лица кои вршат стопанска дејност („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/89) член 4 се менува и гласи:

„Во фирмата на претпријатие се запишува ознаката на целосна одговорност односно кратенката ц.о.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, во фирмата на сложена форма на здружување односно организирање се запишуваат видот и обемот на одговорноста за обврските во правниот промет, и тоа:

1) н.сол.о. (неограничена солидарна одговорност);
2) о.сол.о. (ограничена солидарна одговорност);
3) н.суп.о. (неограничена супсидијарна одговорност);
4) о.суп.о. (ограничена супсидијарна одговорност);
5) р.о. (различна одговорност)."

Член 2

Во член 5 зборовите: „мешовито претпријатие" се заменуваат со зборот: „друштво", а по зборот „форма" се додаваат зборовите: „или кратенката"

Член 3

Во член 9 став 3 зборовите: „здруженото претпријатие" се бришат, а зборовите: „општественото претпријатие" се [illegible]уваат со зборовите: „претпријатието во општествена сопственост"

Ст 4 и 5 се бришат

Член 4

По член 9 се додава член 9а, кој гласи:

„Член 9а

Ако со законот или со актот за основање во согласност со закон е пропишано давање на согласност, одобрение, уверение, овластување, потврда или други соодветни акти, кои пријавата се приложуваат и тие акти

Ако основач на претпријатие е странско правно лице, кои пријавата се поднесува и доказ дека странското правно лице е запишано во соодветниот регистар (книга) на државата чија припадност ја „ма, а физичко странско лице поднесува доказ со кој се утврдува неговиот идентитет"

Член 5

Член 10 се менува и гласи:

„Ако со законот е пропишано дукан земјоделско стопанство и друго правно лице што вршат стопанска де-

ност да се запишуваат во судскиот регистар, уписот се врши според одредбите од оваа уредба ако со тој закон не е определено поинаку."

Член 6

Во називот на Глава II и поглавје 1. зборовите: „општествено претпријатие" се заменуваат со зборовите: „претпријатие во општествена сопственост".

Член 7

Во член 11 став 4 зборовите: „заедничко претпријатие и посебно општествено претпријатие (јавно претпријатие)" се заменуваат со зборовите: „јавно претпријатие".

Член 8

Член 12 се менува и гласи:

„Кон пријавата за упис во судскиот регистар на акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност во општествена сопственост се приложуваат:

1) акт за основање ако се основа нов субјект;

2) доказ за износот на средствата за основање и почеток на работата односно потврда на основачот за предавање на предмети, со попис и процена.

За акционерско друштво или друштво со ограничена одговорност во општествена сопственост, кое се основа со вложување на средства на едно општествено претпријатие во друго општествено претпријатие или со стекнување на сите акции односно удели во мешовито или приватно претпријатие од страна на општествено претпријатие, за упис во судскиот регистар се приложува, освен актот од точка 1 став 1 на овој член, и доказ за вложувањето на средства или стекнувањето на сите акции односно удели."

Член 9

Во член 13 зборовите: „општествено претпријатие" се заменуваат со зборовите: „претпријатието во општествена сопственост".

Член 10

Во поглавјето 2. и чл. 14 до 17 зборовите: „општествено претпријатие" во различни форми на членување се заменуваат со зборовите: „претпријатие во општествена сопственост" во соодветна форма на членување.

Член 11

Чл. 18 до 21 се бришат.

Член 12

Поглавје 3. „Пријава за упис во судскиот регистар на дополнително пристапување, односно истапување" и чл. 23 до 25 се бришат.

Член 13

Поглавје 4. „Пријава за упис во судскиот регистар на здружување во сложено претпријатие и други форми на здружување" станува поглавје 3. и гласи: „Пријава за упис во судскиот регистар на сложена форма на здружување односно организирање."

Член 14

Член 26 се менува и гласи:

„Кон пријавата за упис во судскиот регистар на сложена форма на здружување односно организирање се приложуваат:

1) самоуправна спогодба односно договор за здружување односно организирање;

2) доказ за изборот на органот на управувањето;

3) одлука за именување на вршител на должноста работоводен орган;

4) заверен потпис на лицето овластено за застапување.".

Член 15

По член 26 се додаваат чл. 26а и 26б, кои гласат:

„Член 26а

Ако две или повеќе сложени форми на здружување односно организирање се здружат или поврзат, кон пријавата за упис во судскиот регистар се приложуваат и:

1) самоуправна спогодба за здружување односно договор;

2) одлука за именување на вршителот на должноста работоводен орган;

3) заверен потпис на лицето овластено за застапување.

Член 26б

Ако сложена форма на здружување односно организирање се присоедини кон друга сложена форма, кон пријавата за упис во судскиот регистар се приложуваат и:

1) одлука на сложената форма на здружување односно организирање што се присоединува;

2) одлука на сложената форма на здружување односно организирање за прифаќање на присоединувањето.

Ако присоединување се врши по основ на договор, се прилага тој договор.".

Член 16

Во член 27 став 1 зборовите: „сложено претпријатие или други форми на здружување" се заменуваат со зборовите: „сложена форма на здружување односно организирање", а зборовите: „претпријатие или во друга" се бришат.

Став 2 се брише.

Досегашниот став 3, кој станува став 2 се менува и гласи:

„Кон пријавата од став 1 на овој член се приложува решението за упис во судскиот регистар на здружување во сложена форма на здружување односно организирање ако е тоа запишано кај друг суд".

Член 17

По член 27 се додава член 27а, кој гласи:

„Член 27а

Ако кон сложена форма на здружување односно организирање дополнително пристапат други правни лица чие пристапување се предвидува со закон, кон пријавата за упис во судскиот регистар се приложуваат:

1) одлука на субјектот на уписот за дополнително пристапување кон сложената форма на здружување односно организирање;

2) одлука на органот на управувањето на сложената форма на здружување односно организирање за прифаќање на дополнително пристапување ако таква одлука се донесува според одредбите од самоуправната спогодба за здружување односно договорот."

Член 18

Член 28 се менува и гласи:

„Ако субјектот на уписот истапи од составот на сложената форма на здружување односно организирање, работоводниот орган на таа сложена форма поднесува пријава за упис во судскиот регистар на истапувањето од сложената форма на здружување односно организирање.

Кон пријавата се приложува одлуката на органот на управувањето на сложената форма на здружување односно организирање за прифаќање на истапувањето."

Член 19

Поглавје 5. „Пријава за упис во судскиот регистар на привремени мерки за општествена заштита" и член 29 се бришат.

Член 20

Во називот на Глава III зборовите: „мешовито претпријатие" се заменуваат со зборовите: „претпријатие во мешовита сопственост".

Член 21

Во член 30 став 2 по точка 2 се додава нова точка 3, која гласи:

„3) одлука за именување на вршител на должноста работоводен орган;".

Досегашната точка 3 станува точка 4.

Член 22

Во член 31 став 2 по точка 2 се додава нова точка 3, која гласи:

„3) одлука за именување на вршител на должноста работоводен орган;".

Досегашната точка 3 станува точка 4.

Член 23

Во член 32 став 2 точка 3 се брише.

Досегашните точ. 4 и 5 стануваат точ. 3 и 4.

По став 2 се додава став 3, кој гласи:

„Одредбите на ст. 1 и 2 од овој член се применуваат и на уписот на командитно друштво на акции."

Член 24

Во член 34 зборовите: „чл. 23 и 25" се заменуваат со зборовите: „чл. 27а и 28".

Член 25

Во член 35 зборовите: „општественото претпријатие" се заменуваат со зборовите: „претпријатието во општествена сопственост", а зборовите: „мешовито претпријатие" – со зборовите: „претпријатие во мешовита сопственост".

Член 26

Во називот на Глава V зборовите: „приватно претпријатие" се заменуваат со зборовите: „претпријатија во приватна сопственост".

Член 27

Во член 38 став 1 зборовите: „приватно претпријатие" се заменуваат со зборовите: „претпријатие во приватна сопственост".

Точка 3 се брише.

Досегашната точка 4 станува точка 3.

Во став 2 зборовите: „од член 9 став 5" се заменуваат со зборовите: „од член 9а став 2".

Член 28

Во називот на Глава VI и во член 39 зборовите: „задружно претпријатие" се заменуваат со зборовите: „претпријатие во задружна сопственост".

Член 29

Во член 40 точка 2 зборот: „потврда" се заменува со зборот: „дозвола", а зборовите: „дека се исполнети условите" се бришат.

Точка 3 се менува и гласи:

„3) доказ за вложените средства во основачкиот фонд на банката;".

Се додава став 2, кој гласи:

„Одредбата на став 1 од овој член, освен точка 2, се применува и на уписот на штедилници и други финансиски организации."

Член 30

По член 40 се додава нов член 40а, кој гласи:

„Член 40а

Кон пријавата за упис во судскиот регистар за основање на мешовита банка се прилагаат:

1) договор за основање и работење на мешовитата банка;

2) доказ дека се вложени динарски средства на привремена сметка кај Службата на општественото книговодство, а за девизните средства – потврда дека се уплатени на посебна сметка кај Народната банка на Југославија.

Кон пријавата се прилагаат и докази од член 40 точ. 2, 4, 5 и 7 од оваа уредба.

Член 31

Во член 43 зборовите: „чл. 23 и 25" се заменуваат со зборовите: „чл. 27а и 28".

Член 32

Во член 45 зборовите: „со статутот на здружено претпријатие, сложено претпријатие и друга форма на здружување", се заменуваат со зборовите: „со самоуправната спогодба, односно со договорот за здружување, односно организирање во сложена форма на здружување, односно организирање".

Член 33

Во член 48 зборовите: „чл. 23 и 25" се заменуваат со зборовите: „чл. 27а и 28".

Член 34

Глава IX и член 49 се менуваат и гласат:

„IX. Прокура

Член 49

Пријава за упис во судскиот регистар за прокура поднесува работоводниот орган на претпријатието.

Кон пријавата се прилага:

1) одлука за давање на прокура;

2) заверен потпис од прокуристот.

Пријава за упис во судскиот регистар за престанување на прокурата, кон која се прилага одлука за престанување на прокурата, поднесува работоводниот орган на претпријатието".

Член 35

Во член 50 точ. 1 до 5 се заменуваат со три нови точки, кои гласат:

„1) општ акт на субјектот на уписот, со кој се утврдува вршењето на работите на надворешнотрговскиот промет и условите што мора да ги исполнува лицето за застапување во тие работи и границите на неговото овластување;

2) доказ дека лицето од точка 1 на овој член ги исполнува пропишаните услови за вршење работи на надворешнотрговскиот промет;

3) заверен потпис од лицето овластено за застапување во работите на надворешнотрговскиот промет".

Член 36

Член 54 се менува и гласи:

„Кон пријавата за упис во судскиот регистар на промената на овластувањето во правниот промет со трети лица на субјектот на уписот, се прилага акт со кој се утврдува промената."

Член 37

Член 55 се менува и гласи:

„Кон пријавата за упис во судскиот регистар на промената за видот и обемот на одговорноста на обврските во правниот промет со трети лица, односно промената за видот и обемот на одговорноста за обврските на другите правни лица, се прилага акт со кој се утврдува промената."

Член 38

Член 58 се брише

Член 39

Член 64 се менува и гласи:

„Пријава за упис во судскиот регистар за бришење на сложената форма на здружување, односно за организирање поднесува работоводниот орган на сложена форма на здружување, односно за организирање или работоводниот орган на здруженото претпријатие што за тоа ќе го овластат претпријатијата што се здружиле.

Кон пријавата се прилага одлука за престанување на сложената форма на здружување, односно организирање.

Одредбата на став 1 од овој член согласно се применува и на банките и други финансиски организации и заедници на осигурување на имот и лица."

Член 40

Во член 69 став 1 реченицата: „Кон пријавата се прилага и доказ за распоредот на правата, средствата и обврските" се брише.

Член 41

Во член 72 се додава став 2 кој гласи:

„Деловните единици на основните организации на здружен труд и работните организации кои во својот сос-

тав немаат основни организации на здружен труд запишани или евидентирани во судскиот регистар се бришат со поднесување на пријава за упис на усогласувањето."

Член 42

По член 74 се додава член 74а, кој гласи:

„Кон пријавата за упис во судскиот регистар на организирање постојните организации на здружен труд од посебен општествен интерес во јавно претпријатие се прилага, и одлуката од надлежната општествено-политичка заедница за организирање на постојна организација здружен труд во јавно претпријатие."

Член 43

Член 75 се брише.

Член 44

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

~~Е. п. бр. 683~~
26 октомври 1989 година
~~Белград~~

...ршен совет

Претседател.

1027.

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 71/86, 3/88 и 59/88), на предлог од Народната банка на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ И ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА РАБОТАТА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ДЕВИЗЕН ПАЗАР

Член 1

Во Уредбата за начинот и организацијата на работата на единствениот девизен пазар („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/88), во член 13 ставот 2 се менува и гласи:

„Купувањето и продажбата на девизи од член 1 на оваа уредба се врши по курсеви за кои ќе се договорат овластените банки во рамките на распоните помеѓу долните и горните курсеви од листата на интервенционите курсеви на Народната банка на Југославија за тој ден."

Член 2

Членот 14 се менува и гласи:

„Купувањето и продажбата на девизи непосредно помеѓу овластените банки може да се врши под услов на претходниот меѓубанкарски состанок, врз основа на заедничка девизна позиција, да е израмнета понудата и побарувачката за девизи."

Член 3

Во член 19 став 4 по зборот: „листата", зборовите „на курсевите" се заменуваат со зборовите: „на интервенционите курсеви".

Член 4

По член 19 се додава нов член 19а, кој гласи:

„Член 19а

Купувањето и продажбата на девизи на меѓубанкарскиот состанок се врши по курсевите во рамките на распонот помеѓу долните и горните курсеви од листата на интервенционите курсеви на Народната банка на Југославија.

Распонот од став 1 на овој член може да изнесува најмногу 3%."

Член 5

Членот 25 се брише.

Член 6

Во член 31 ставот 2 се менува и гласи:

„Во вршењето на платниот промет со странство за потребите на федерацијата и нејзините органи и организации Народната банка на Југославија купува и продава девизи по курсевите од став 1 на овој член".

Член 7

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 682
26 октомври 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Анте Марковиќ, с. р.

1028.

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за плаќање посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/80), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА КОИ СЕ ПЛАЌА ПОСЕБНА ДАВАЧКА ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ НА ДАНОЧНОТО ОПТОВАРУВАЊЕ НА УВЕЗЕНИТЕ СТОКИ

1. Во Одлуката за определување на стоките на кои се плаќа посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезените стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/89, 21/89, 51/89 и 55/89) во точка 2 во одредбата под 8 по тарифниот број 23.01 и тарифната ознака 2301.20 се додава нов тарифен број, кој гласи:

„23.04	2304.00	Маслени погачи и други цврсти остатоци добиени при екстракција на масло од соја, немелени, мелени или пелетезирани:
	2304.001	– – – од соја"

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 644
4 октомври 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Живко Прегл, с. р.

1029.

Врз основа на член 347 точка 10 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Сојузниот извршен совет днесува

ОДЛУКА

ЗА ОТВОРАЊЕ КОНЗУЛАТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО МОНТЕ КАРЛО, КНЕЖЕВСТВО МОНАКО

1. Се отвора Конзулат на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, со почесен конзул на чело, со седиште во Монте Карло, со конзуларно подрачје што го опфаќа Кнежевството Монако.

2. Сојузниот секретаријат за надворешни работи ќе ги преземе потребните мерки за извршување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 662
4 октомври 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Живко Прегл, с. р.

1030.

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/78 и 58/85), по прибавеното мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОТ ЗА ПОКРИТИЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ИСПРАВНОСТ НА ЖИВОТНИТЕ НАМИРНИЦИ И НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА ОПШТА УПОТРЕБА ШТО СЕ УВЕЗУВААТ

1. Во Одлуката за височината и начинот на плаќање на надоместот за покритие на трошоците за утврдување на здравствената исправност на животните намирници и на предметите за општа употреба што се увезуваат (Службен лист на СФРЈ", бр. 12/79, 50/85, 51/88, 16/89 и 36/89) во точка 1 во одредба под 2 бројот: „90.000" се заменува со бројот: „900.000".

2. Во точка 2 став 1 бројот: „210.000" се заменува со бројот: „2,000.000".

3. Во точка 3 бројот: „70.000" се заменува со бројот: „700.000".

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п.бр. 343
4 октомври 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Живко Прегл, с. р.

1031.

Врз основа на член 56 став 3 од Законот за заштита на животните од заразни болести што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 43/86), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ИЗВРШЕН ВЕТЕРИНАРСКО-САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАТКИТЕ НА ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ, СУРОВИНИ И ОТПАДОЦИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, СЕМЕ ЗА ВЕШТАЧКО ОСЕМЕНУВАЊЕ, ОПЛОДЕНИ ЈАЈНИ ЌЕЛИИ ЗА ОПЛОДУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ И ДРУГИ ПРЕДМЕТИ СО КОИ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСУВА ЗАРАЗНА БОЛЕСТ ВО ПРОМЕТОТ ПРЕКУ ГРАНИЦАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. За извршен ветеринарско-санитарен преглед на граничните премини при извозот, увозот и провозот на пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, на семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест, се наплатува надомест.

2. Височината на надоместот за вагонски, камионски, бродски, контејнерски и авионски пратки изнесува, и тоа:

1) за пратки на животни (копитари и чапункари) во превозно средство:

– при извоз до 10 тони нето – тежина – 35.000 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 3.500 динари;

– при увоз до 10 тони нето-тежина – 50.000 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 5.000 динари;

– во провоз (транзит) до 10 тони нето-тежина – 600.000 динари, а за секоја следна започната тона – уште по 60.000 динари;

2) за пратки на животни (живина, птици, зајаци, питоми зајаци и дивеч, како и мајмуни за лабораториски потреби), во превозно средство:

– при извоз и увоз до пет тони нето-тежина – 35.000 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 3.500 динари;

– во провоз (транзит) до пет тони нето-тежина – 450.000 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 45.000 динари;

3) за пратки на еднодневна перната живина (пилиња, мисирчиња, гувчиња, пајчиња и др.) во превозно средство:

– при извоз и увоз до 10.000 парчиња – 35.000 динари, а за секои натамошни започнати 1.000 парчиња – уште по 3.500 динари;

– во превоз (транзит) до 10.000 парчиња – 400.000 динари, а за секои натамошни започнати 1.000 парчиња – уште по 40.000 динари;

4) за пратки на месо во превозно средство:

– при извоз и увоз до 10 тони нето-тежина – 45.000 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 4.500 динари;

– во провоз (транзит) до 10 тони нето-тежина – 600.000 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 60.000 динари;

5) за пратки на производи од месо, масти, млеко и производи од млеко, јајца и производи од јајца, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни, пратки на риби, пчели и производи од пчели, свилени буби, жаби, полжави, школки, желки и други лазачи и мекотелци и сите нивни производи, лој, технички маснотии од животинско потекло, брашно од животинско потекло (месно, меснокоскено, крвно, рибино, од пердуви, од роговина и др.) мешаници за храна за животни што содржат суровини од животинско потекло, пратки на кожи, коски, волна, длаки, чекиња, грива, опашки, рогови, копита, чапунки, животински внатрешни органи и животински телесни течности во превозно средство:

– при извоз и увоз до 10 тони нето-тежина – 35.000 динари, а за секоја натамошно започната тона – уште по 3.500 динари;

– во провоз (транзит) до 10 тони нето-тежина – 400.000 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 40.000 динари.

3. Височината на надоместот за денковни пратки изнесува, и тоа:

1) за секое грло на крупни животни односно за секои започнати 10 парчиња на ситни животни или 50 парчиња на живина или птици:

– при извоз и увоз – 20.000 динари;

– во провоз (транзит) – 250.000 динари.

2) за пратките од точка 2 одредба под 5 на оваа одлука:

– при извоз и увоз до три колети – 35.000 динари, а за секој натамошен колет – уште по 3.500 динари;

– во провоз (транзит) до три колети – 400.000 динари, а за секој следен колет – уште по 40.000 динари.

Вкупниот надомест за денковна пратка не може да изнесува повеќе од височината на надоместот пропишан за тој вид пратка ако таа би се испраќала како вагонска, камионска, бродска или авионска.

4. Височината на надоместот за животни (кучиња, мачки, мајмуни и други припитомени диви животини, освен за животни што му припаѓаат на циркус), по парче, односно по пратка изнесува, и тоа:

– при извоз и провоз (транзит) – 250.000 динари;

– при увоз – 150.000 динари.

Надоместот за животни што му припаѓаат на циркус се наплатува според одредбите на точ. 2 и 3 од оваа одлука.

5. Височината на надоместот за остатокот на товарот по чистењето на бродот односно шлепот, по брод односно шлеп изнесува 600.000 динари.

6. Надоместот за извршен преглед на пратките од точ. 2 и 5 на оваа одлука во провоз (транзит) се плаќа на влезниот граничен премин. По исклучок, ако прегледот не е извршен на влезниот граничен премин, пратката се прегледува на излезниот граничен премин, а надоместот за прегледот се зголемува за 100% од надоместот предвиден со тие точки.

Надоместот за извршениот преглед на пратките од точ. 2 до 5 на оваа одлука во провоз (транзит) што се претоварува во југословенските луки и воздухопловни пристаништа, се зголемува за 50%.

7. Износот на надоместот за преглед на пратките од точ. 2 до 5 на оваа одлука што се врши во текот на ноќ (на граничните примени на кои за тоа постојат услови) се зголемува за 50% од износот на надоместот предвиден во тие точки.

8. Ако извозникот, увозникот или шпедитерот кој врши провоз (транзит) навремено не ги подготват пратките за ветеринарско-санитарен преглед, а го повикаат сојузниот граничен ветеринарски инспектор и инспекторот излезе на местото на прегледот во закажано време, извозникот, увозникот и шпедитерот се должни за секој час на инспекторовото чекање да платат 100.000 динари.

9. Височината на надоместот за пратките на земјоделски производи наменети за извоз, ако со меѓународните договори за тие пратки се бара уверение дека потекнуваат од подрачјата што не се заразени со заразни болести на животни кои со односниот производ би можеле да се пренесат на други животни, изнесува:

– за вагон, камион и контејнер – 200.000 динари;

– за брод и авион – 350.000 динари.

10. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на надоместот за извршен ветеринарско-санитарен преглед на пратки на животни, производи, суровини и отпадоци од животинско потекло, семе за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест во прометот преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/89).

11. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е.п.бр. 651
4 октомври 1989 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Живко Прегл, с. р.

1032.

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/89, 59/86 и 20/89), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛАБОРАТОРИИ ЗА ПРЕГЛЕД НА АНАЛИЗАТОРИ НА ГАСОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за формирање на лаборатории за преглед на анализатори на гасови (во натамошниот текст: анализатори) што мораат да ги исполнуваат организациите на здружен труд и работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните кои произведуваат и поправаат мерила.

Условите од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката PUL.GE-1/1.

Член 2

Работниците, што организациите на здружен труд и работните луѓе од член 1 на овој правилник се должни да ги обезбедат за преглед на мерила, мораат да имаат IV степен стручна подготовка од природно-математичка насока, мораат да ја познаваат постапката и методите за преглед на мерила и мораат да бидат стручно оспособени за ракување со шишиња под притисок.

Член 3

За преглед на анализатори потребна е следната опрема:

1) референтни гасни смеси и чисти гасови во шишиња под притисок;
2) редукционен вентил на манометри;
3) протокомер;
4) анализатор – работен еталон;
5) два лабораториски термометри;
6) хигрометар;
7) црева гумени или пластични.

Член 4

Работната просторија за преглед на анализатори мора да ги исполнува следните услови:

1) да биде чиста, сува и доволно пространа за сместување на опрема и за вршење преглед на мерила;

2) да ги исполнува условите во поглед на хигиенско-техничката заштита, пред се да има ефикасна вентилација, противпожарна и противексплозивна заштита;

3) да е изолирана од потреси, вибрации и обезбедена од продирање на прав, водена пареа и агресивни гасови;

4) да е заштитена од директно дејство на сончево зрачење:

5) изворите на греење да бидат оддалечени најмалку 1,5 m од местото на кое се врши преглед и да овозможуваат рамномерно загревање на просторијата.

Член 5

Температурата на работната просторија мора да се контролира со помош на два термометра поставени на два спротивни ѕида, на височина од 150 до 170 cm над подот и оддалечени околу 15 cm од ѕидот, на место достапно за отчитување.

Температурата на работната просторија во текот на прегледот не смее да ги преминува границите од 20°C ± 5°C.

Член 6

Работната просторија мора да има дневно и електрично осветление според југословенскот стандард JUS U.C9.100, донесен со Решението за југословенскиот стандард за зградарство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 48/62).

Член 7

Во работната просторија за преглед на анлизатори не смеат да се држат непотребни предмети или да се вршат работи кои го смеќаваат нормалното одвивање на прегледот.

Член 8

Во работната просторија мораат да се наоѓаат:

1) лабораториска маса, маса за пишување и стол за работникот што го врши прегледот;

2) маси или полици за држење на анализаторите што се доставени на преглед.

Член 9

Шишињата со референтни гасни смеси мораат, кога не се во употреба, да се држат на определено место надвор од работната просторија.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02-2526/1
1 септември 1989 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
Милан Межек, с. р.

1033.

Врз основа на точка 1 од Одлуката за овластување за донесување одлуки за усогласување на пензиите („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/89), Извршниот одбор на Собранието на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници донесува

ОДЛУКА

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ НА АКТИВНИТЕ ВОЕНИ ЛИЦА

1. Старосните, инвалидските и семејните пензии се усогласуваат со движењето на номиналните лични доходи на активните воени лица така што од 1 октомври 1989 година се зголемуваат за процентот за кој се зголемени личните доходи на активните воени лица од соодветен чин односно класа.

2. Усогласувањето на пензиите според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на поединечни решенија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 85-1
25 октомври 1989 година
Белград

Претседател
на Извршниот одбор на
Собранието на Заедницата
за социјално осигурување на
воените осигуреници,
полковник
д-р **Славко Чокорило**, с. р.

1034.

Врз основа на точка 1 од Одлуката за овластување за донесување одлуки за усогласување на паричниот надомест за телесно оштетување („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/89) во врска со член 67 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", бр.7/85, 74/87 и 20/89), Извршниот одбор на Собранието на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници донесува

ОДЛУКА

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТ ЗА ТЕЛЕСНО ОШТЕТУВАЊЕ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ НА АКТИВНИТЕ ВОЕНИ ЛИЦА

1. Паричниот надомест за телесно оштетување се усогласува со движењето на номиналните лични доходи на активните воени лица така што од 1 октомври 1989 година се зголемува за процентот за кој се зголемени личните доходи на активните воени лица од соодветен чин.

2. Усогласувањето на паричниот надомест според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на поединечни решенија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 86-1
25 октомври 1989 година
Белград

Претседател
на Извршниот одбор на
Собранието на Заедницата
за социјално осигурување на
воените осигуреници,
полковник
д-р **Славко Чокорило**, с. р.

1035.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за основите на општествените совети и за сојузните општествени совети („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79), Сојузниот општествен совет за меѓународни односи, на 88. седница од 12 октомври 1989 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ОПШТЕСТВЕН СОВЕТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

За секретар на Сојузниот општествен совет за меѓународни односи се именува Иван Вуков, досегашен секретар на Советот.

Бр.19
12 октомври 1989 година
Белград

Сојузен општествен совет за меѓународни односи

Претседател на Советот,
Јакша Петрик, с.р.

1036.

Врз основа на член 8 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/82, 77/82, 75/85, 8/87 и 65/87), Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Босна и Херцеговина, Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Словенија, Републичката заедница на пензиското и инвалидското осигурувње на работниците на Србија, Републичката самоуправна интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд на СР Србија, Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на работниците на Војводина, Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители на Војводина, Самоуправната интерсна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Косово, Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на работниците на Хрватска, Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на самостојните занаетчии, угостители и превозници на Хрватска, Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци на СР Хрватска, Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Црна Гора и Заедницата на социјалното осигурување на воените осигуреници, преку своите овластени претставници склучија

САМОУПРАВНА СПОГОДБА

ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН МИНИМУМ НА ОБЕМОТ И СОДРЖИНАТА НА МЕДИЦИНСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ ПРАВО ПО ОСНОВ НА ИНВАЛИДНОСТ

Член 1

Со оваа самоуправна спогодба самоуправните интересни заедници на пензиското и инвалидското осигурување на републиките и автономните покраини (во натамошниот текст: Заедницата), преку овластените претставници го утврдуваат задолжителниот минимум на обемот и содржината на медицинската документација потребна за оцена на работната способност и за утврдување на инвалидноста на осигурениците од страна на органите за вештачење во заедниците.

Член 2

Како медицинска документација, во смисла на член 1 од оваа самоуправна спогодба, се подразбира предлогот за медицинско вештачење, со наод и мислење за здравствената состојба на осигуреникот, и задолжителниот минимум на обемот и содржината на медицинската документација, според видот на заболувањето, што е неопходен за верификација на дијагнозата според критериумите утврдени со оваа самоуправна спогодба.

Член 3

Предлогот за медицинско вештачење, со наод и мислење за здравствената состојба на осигуреникот, содржи

единствени елементи и претставува составен дел на оваа спогодба (образец).

Член 4

Задолжителен минимум на медицинска документација неопходен за верификација на дијагнозата, според видот на заболувањето, е, и тоа за:

1. Инфективни и паразитарни болести

За верификација на дијагнозата на инфективни и паразитарни болести, кај бацилоносителството (цревни заразни болести: салмонелоза, шигелоза, резистентен стафилокок, стрептококна инфекција и други), потребна е следната медицинска документација:

1) отпусна листа или препис на историјата на болеста на соодветната установа;

2) бактериолошки наод со кој се докажува постоењето на причинителот при последователни прегледи во подолг временски период;

3) мислење на соодветната здравствена установа дека случајот не може да се излекува.

2. Позни последици на акутен полиомиелитис

Дијагнозата на позните последици на акутен полиомиелитис се потврдува со исцрпни податоци за досегашното лекување и за анатомското и функционалното оштетување. Задолжителна е електромиографија на оштетените мускулни групи, тестови на мускулната сила и гониметрија.

3. Белодробна туберкулоза

1) Дијагнозата на белодробна туберкулоза се потврдува со медицинската документација што ја верификува сегашната состојба, а мора да одговори на определени прашања:

а) дали процесот е активен;

б) дали процесот е стабилизиран;

в) дали процесот е инактивен.

2) Се прилага наодот на надлежниот АТ диспензер со податоци: од кога почнала болеста; дали бил ВК позитивен во плуканицата или во плуканицата на желудечниот сок на почетокот на лекувањето; дали е лекуван во стационарна установа или под контрола на надлежен АТД; вкупното количество на примените АТЛ во текот на лекувањето; дали е лекуван континуирано или дисконтинуирано; дали сега прима лекови и кои, или од кога не прима лекови;

3) снимка на белите дробови во ПА положба и томографија на заболениот дел на белите дробови на длабочини каде што најдобро се гледа патолошкиот процес. Последните снимки не смеат да бидат постари од еден месец; картонот на увид во АТД е задолжителен;

4) се наведува дали е постигната трајна конверзија на спутумот – трајна стационарност;

5) се наведуваат најмалку три резултати, а последниот не смее да биде постар од еден месец;

6) наод од спирометриско испитување. Ако постои тешко оштетување на дишната функција (по стабилизирање на специфичниот процес на белите дробови), потребни се резултати од испитувањето на гасовите во артериската крв во мирување и при оптоварување со физичка работа;

7) наод на кардиолог со опис на EKG.

Кај хируршки интервенции на белите дробови се обезбедува следната документација:

1) отпусна листа на болницата каде е извршена хируршката интервенција;

2) резултати од спирометриските испитувања, по стабилизационот период по хируршката интервенција. Ако се установи тешко растројство на функцијата на белите дробови, потребни се и резултати од анализата на гасовите во артериската крв во мирување и при физичко оптоварување со работа;

3) наод на кардиолог со опис на ЕКГ.

4. Туберкулоза на 'рбетниот мозок и на централниот нервен систем

За верификација на дијагнозата, на текот на болеста и на текот на лекувањето на туберкулозата на 'рбетниот мозок и на централниот нервен систем, служи отпусната листа или преписот на историјата на болеста на установата каде што се лекувал болниот.

Дијагнозата мора да биде потврдена и со стандардни лабораториски и бактериолошки наоди.

За процена на сегашната состојба и функционалното оштетување, потребни се наоди на соодветни специјалисти, на пример на: невропсихијатар, клинички психолог, окулист, оториноларинголог.

5. Туберкулоза на цревата, периотонеумот и мезентеријалните жлезди

Туберкулозата на цревата, на периотенеумот и на мезентеријалните жлезди се потврдува со медицинска документација која содржи:

1) отпусна листа или препис на историјата на болеста од соодветни здравствени уставнои во кои се лекувал болниот;

2) медицински докази за активна или инактивна состојба на процесот, т.е. дали состојбата е дефинитивна;

3) медицински докази за големината на анатомско-морфолошките и функционалните оштетувања, т.е. за кои позни последици се работи.

6. ТБЦ на коските и зглобовите

За верификација на дијагнозата на ТБЦ на коските и зглобовите потребни се медицински докази за етиологијата на болеста, за активноста на процесот и за завршеното лекување. Неопходни се стандардни рентгентски снимки на заболените делови на телото, евентуални хистолошко-патолошки наоди, лабораториски наоди и мензурација на обемот на движењата во два соседни зглоба.

7. Туберкулоза на генитоуринарниот систем

За верификација на дијагнозата на туберкулоза на генитоуринарниот систем потребна е медицинска документација:

1) за причинителот и за активноста на процесот; SE, ВК, микроскопски преглед, култивација, биолошки опит;

2) за локацијата и големината на оштетувањето (пиелографија, сцинтиграфија по потреба);

3) за испитувањето на функцијата на бубрезите (обработка на нефролог и уролог);

4) гинеколошки наоди (во случај на генитална ТБЦ).

8. Туберкулоза на други органи

Документација за верификација на дијагнозата на туберкулоза на други органи се обезбедува во специјализирани установи, како и податоци за активноста на процесот, за големината на анатомското и функционалното оштетување и прогноза на болеста и за понатамошното лекување.

9. Ендокрини болести, болест на метаболизмот и исхраната, diabetes mellitus

За верификација на дијагнозата кај ендокрини болести, болести на метаболизмот и исхраната, diabets mellitus е неопходно:

1) ендокринолошки лабораториски минимум: SE, хемограм, наод во урината, уреа, креатинин во крвта, гликемија, холестерол, глицериди со липидограм, протеинограм со електрофореза, електролити: Na, K, Ca, P, Cl, алкална резерва;

2) офталмолошки наод, зависно од основното заболување, визус базен со корекции, фундус, по потреба видно поле;

3) невропсихијатриски народ: кранијални и периферни нерви, евентуални невролошки испади и асиметрии. По потреба, наод на клинички психолог, EEG, EMG и др.;

4) при заболување на хипофизата: Rtg Sellae turcicae, CT, покрај наод на офталмолог и невролог, и наод на неврохирург, GTT, алкална резерва, еден од следните тестови: Торнов, декаметозонски тест, метапирански тест, Гертер-Робинсонов тест, Робинсон-Каплеров тест, зависно од видот на основното заболување и дополнително испитување на функцијата на штитната жлезда, надбубрежната и половите жлезди;

5) при заболување на штитната жлезда: сцинтиографија и фикасција со J 131, RBI и T3, T4, TŞ тест на супреси-

ја и стимулација и наод на офталмолог и невролог и EKG;

6) при заболување на паратироидни жлезди: лабораториски минимум, Са во мочта, клиренс на фосфор, Са толаранс тест, дијагностички тест со кортизон, клиренс на креатинин, сцинтиграфија на штитната жлезда со J 131 и паратироидни жлезди, кисела и алкална фосфатаза, RTG наоди на бубрезите и на другите коски и ламина дура (вилици и заби), комплетен невролошки наод и EKG;

7) при заболувања на надбубрежните жлезди: ендокринолошки лабораториски минимум, гликозурија, GTT, инсулин TT, кето и кортикостероиди, Тронов тест, метапирински тест, декаметазонски тест, Кеплер Пауер-Робинсонов тест, RTG на надбубрезите; CT на бубрезите и ултразвук;

8) при заболувања на половите жлезди: наод на уролог, гинеколог, андролог и невропсихијатар;

9) кај diabetes mellitus: задолжителен лабораториски минимум, гликемија со гликозурија за последните три месеци (потврда или легитимација од советувалиште за дијабетичари). Кај полесни случаи и GTT, за сите наоди TT и ITV, наод на офталмолог и невропсихијатар, осцилометрија на долните екстремитети, EKG и RTG на белите дробови. При компликации на бубрезите и црниот дроб, потребни се функционални испитувања на овие органи. Ако, покрај основните ендокринолошки, постојат и други заболувања и компликации, се приложуваат соодветни наоди;

10) кај сите ендокринолошки заболувања да се презентираат отпусните листи од болницата: специјалистички, интернистички и ендокринолошки и други извештаи за лекувањето, со последните наоди и мислења од тестирањето.

10. Авитаминоза и други дефицитарни состојби на прехраната, нутритивен маразам

Медицинската документација за авитаминоза и други дефицитарни состојби на прехраната, нутритивен маразам треба да содржи наоди што ја верификуваат дијагнозата, причината, анатомските и функционалните оштетувања и прогнозата за болеста.

11. Болести на крвта и крвотворните органи

За верификација на дијагнозата на болести на крвта и крвотворните органи се потребни: лабораториски наоди што докажуваат постоење на болеста во потешки случаи и обработка на болните на хематолошки одделенија или клиники со документација која ги покажува текот на болеста, резултатите од лекувањето, наодот и мислењето на хематолог или интернист.

12. Душевни заболувања

Медицинската документација што е потребна за верификација на дијагнозите кај душевни заболувања е следната:

1) кај сите душевни состојби и заболувања се неопходни наоди на невропсихијатар, кои треба да содржат:
- анамнеза;
- невролошки статус во карактеристични црти;
- психијатриски статус;
- наод на клинички психолог;
- социјална анкета од работното место;
- дијагноза со шифра според меѓународната класификација;
- мислење за потребата од натамошно лекување, евентуално клиничко испитување, прогноза за работната способност, потреба од евентуална професионална рехабилитација и слично;

2) кај психозата и органските психотични состојби од привремен или траен карактер е задолжително претходно клиничко испитување, а резултатите од испитувањето треба да бидат концизирани во вид на извод кој треба да ги содржи: сите основни елементи за ова заболување, со посебен осврт на наодот на клиничкиот психолог, вид на заболувањето или растројството, прогноза и можности за ресоцијализација;

3) кај сите душевни растројства кај кои може да се очекува интелектуално пропаѓање односно детериорација, задолжителни се психограм и I. Q (квоциент на интелигенцијата);

4) кај тешки неврози и особености е потребно и тимско мислење од соодветна установа;

5) кај последиците од алкохолизмот е потребно кај болнички лекуваните случаи да се обезбеди отпусна листа со сите наоди, како докази за обемот и видот на трајните последици врз органските структури и невропсихичката сфера;

6) кај нелекувани случаи е потребно да се обезбедат:
- здравствен картон на увид;
- интернистичка обработка (на миокардот и сл.);
- невропсихијатриска обработка (S.T. - EEG и др.);
- лабораториски наоди (параметри за оштетување на црниот дроб и др.);
- психосоцијална обработка;
- социјална анкета.

13. Болести на нервниот систем

За верификација на дијагнозата кај воспалителните заболувања на централниот нервен систем, кај херадитарните и стекнатите болести на овој систем, се неопходни наоди од невропсихијатар кои треба да содржат:

1) кратка анамнеза; невролошки статус во карактеристични црти; психијатриски статус; дијагноза; мислење за потребата од натамошно лекување, евентуално клиничко испитување, прогноза; потреба од евентуална професионална рехабилитација и сл.;

2) кај системските воспалителни и васкуларни заболувања CNS, како и кај системските невромускуларни заболувања, се неопходни претходно клиничко испитување и исцрпен извештај од соодветна установа за најдената состојба;

3) кај заболувањата на периферниот нервен систем и мускулите, покрај наод од невропсихијатар - според упатството од претходното поглавје, задолжително да се прибави и наод на електродегенеративните реакции и електромиографски наод;

4) кај траумaтските оштетувања (кранио-церебрални повреди) е потребно презентирање на релевантни податоци за: времето, местото, начинот и наодот на укажаната прва помош; резултатите од клиничкото испитување на последиците од траумата и преостанатите психофизички способности (исцрпен невропсихијатриски статус, психограм, електроенцефалограм, CT, и отпусна листа за лекувањето);

5) кај епилептичните болести и сродните синдроми е задолжителна болничка верификација, покрај поисцрпна анамнеза, да се прибави хетероанамнеза за релевантни околности (да се прибаваат и податоци за зачестеноста на нападите), задолжително електроенцефалографски наод; претходно болничко испитување. Психијатрискиот статус кај оваа група заболувања мора да биде попрецизен за околноста дали постојат психички растројства, а ако постојат, дали тие се во врска со основните заболувања, со соодветна аргументација.

14. Болести на увото и процеси во мастоидеусот

За верификација на дијагнозата кај болести на увото и мастоидеусот, како и кај другите оториноларинголошки заболувања, е неопходна медицинска документација со наоди од специјалист оториноларинголог, која треба да содржи:

1) кратка анамнеза, краток оториноларинголошки наод на локалниот статус;

2) дијагноза, која мора да биде така поставена што од неа да може да се согледа и етиологијата на заболувањето односно оштетувањето на слухот или на вестибуларниот апарат. Ако етиологијата е непозната, треба да се назначи, како и ако утврденото заболување и состојба можат да бидат последица од различни етиолошки фактори;

3) докази на аудиометрија и аудиограм работен непосредно пред излегувањето на I. K., процена на степенот на оштетувањето на слухот во проценти според таблиците на Sabin-Fowler кај сите заболувања што го доведуваат во прашање слухот;

4) резултати од испитувањето на функцијата на вестибуларисот (калоричен тест), а кога овој е контраиндициран, потребни се други соодветни тестови (електронистагмографија и слично) и наоди од невролог кај оштетувањето на функцијата на вестибуларниот апарат;

5) мислење за работната способност односно за погодноста за работа на работни места за кои се предвидени посебни здравствени услови кај сите случаи на заболување на увото.

15. Заболувања на окото и на аднексот на окото

Медицинската документација која ги верифицира дијагнозата и оштетувањеньата на функцијата на видот се состои од: историја на болеста (анамнеза), отпусна листа од одделение за очни болести, од болницата и други слични установи; специјалистички наоди на окулист, со податоци за функцијата на видот. Се испитуваат интегралните функции на видот, и тоа:

1) острината на видот: да се наведе натуралната острина и острината со корекција, задолжително да се запише корекцијата во диоптрии;

(Ако лицата се помлади од 40 години, неопходна е скиаскопија во хоматропинска медријаза);

2) испитување на видното поле на периметар и да се назначат големините на значката и големините на осветленоста на значката. Задолжително да се приложат наоди за видното поле;

3) преглед на предниот и задниот сегмент на окото на биомикроскоп, со опис на најдените промени (ако се најдат заматувања на оптичките медиуми, да се наведе локализацијата централно, парацентрално);

4) преглед на очното дно со опис на папилата на видниот живец, макуларната регија, крвните садови на ретината - хороидејата, како и други промени на ретината. Најдените промени, како што се: хеморагии, ексудации, аблации, како и воспалителни и дегенеративни промени детајно да се опишат со локализација;

5) мерење на интроакуларниот притисок, и да се наведе со кој апарат (Schiotz, апланационен тенометар);

6) состојба на моталитетот, особено ако осигуреникот се жали на појава на двослика (Lancaster-ов тест, Hes и др.), наод од невролог;

7) состојба на бинокуларниот вид (постои, не постои I, II, III степен и да се наведе методот на испитувањето).

Испитување на просторниот вид, стереовидот, адаптацијата, видувањето на бои да се бара кај определени занимања, како на пр. кај: работници што работат на височини (кранисти, sидари, електромонтери), кај кои е неопходно да се бара состојбата на длабинскиот стереовид; кај возачите професионалци (железничари, пилоти, морнари), покрај наодот на длабинскиот стереовид, е неопходен наод за состојбата на адаптацијата и наод на тестовите за разликување на боите поради работите што ги вршат;

8) испитување на колорфункцијата (на Ischihar).

16. Хипертензии

За верификација на дијагнозата кај хипертензиите се потребни: здравствен картон и интернистички извештај или отпусна листа од болницата со јасно запишан стадиум на хипертензионата болест, и тоа:

1) кај лабилна хипертензија дека дијастолната тензија е од 95 до 110 mm Hg, без промени во очното дно или со промени на минимално стеснување и лесна склероза на артериолите;

2) кај фиксирана хипертензија, без компликации на други органи, кога дијастолната тензија покажува вредност од 110 до 120 mm Hg, а очното дно има промени од II степен - умерена склероза на артеријата со зајакнат рефлекс и со позитивни знаци на вкрстување;

3) кај есенцијална артериска хипертензија со компликации на срцето, при што е потребно јасно да се наведе за која форма на компликација се работи: а) компензирани срцеви болести, б) декомпензирана хипертензивна срцева болест, в) коронарна форма на хипертензивна срцева болест, г) хипертензивна срцева болест со растројства на ритамот;

4) кај есенцијална артериска хипертензија со компликации на бубрезите; кај есенцијална артериска хипертензија со компликации на централниот нервен систем; кај малигни форми на есенцијална артериска хипертензија со дијастолна тензија над 140 mm Hg, со промени на очното дно од III и IV степен што е рефрактарна на секоја терапија, потребни се, покрај отпусната листа и (или) специјалистички извештаи, и здравствен картон на увид, како и основна медицинска документација: AKG наод, телерадиографија на срцето, преглед на очното дно, урин, уреа во крвта, проба на концентрација по Волхард.

Во случај на компликации на бубрезите се потребни и тестови за испитување на бубрежната функција (креатинин клиренс, уреа клиренс, уринокултура, Хамбургеров тест, евентуална интеравенска пиелографија). Во случај на постоење компликации на централниот нервен систем е неопходен наод од невролог;

5) кај секундарна артериска хипертензија за верификација на дијагнозата е неопходна отпусна листа за болничкото испитување и лекување, за видот на хипертензијата односно за основното заболување, покрај лабораториски, рендгенолошки и друг помошен дијагностички метод на испитување.

17. Исхемични болести на срцето

За верификација на дијагнозата на исхемични болести на срцето е потребен специјалистички извештај или отпусна листа, каде што е јасно кажано за која форма на коронарна болест се работи, и тоа:

1) за инфаркт на миокардот: отпусна листа за акутната фаза на болеста и за лекувањето, кардиолошки извештај за сегашната состојба на кардиоваскуларниот систем и податоци за спроведената медицинска терапија, како и извештај за тоа дали состојбата е стабилна или постои еволуција на болеста.

EKG наод, телерадиографија на срцето, лабораториски анализи: седиментација, трансаминаза, гликемија и липидограм - треба да имаат најнов датум - најмногу еден месец стари.

Повторени наоди со ергометриско тестирање за процена на функционалната состојба на кардиоваскуларниот систем ако нема контраиндикации. Ако дошло до електрокардиографска реституција на некротичниот односно фиброзниот дел на миокардот, задолжителна е векторкардиографија. Изричен одговор на прашањето дали е спроведена целосна медицинска рехабилитација (ако не е, зошто);

2) за ангина пекторис е задолжителна ергометрија, интермедијарен коронарен синдром, кардиолошки наоди со податоци за времето на настанувањето на болеста, за текот и успехот на лекувањето, за видот на терапијата, како и извештај за сегашната состојба, дали болеста е во еволуција или е стабилизирана, како и извештај дали е спроведена целосна медицинска рехабилитација.

Ако EKG наодот е нормален, анамнестичките податоци и клиничката слика неубедливи, како и во ситуации кога болеста е во долготрајна еволуција, неопходни се податоци за клиничкото испитување и лекување.

18. Други форми на заболување на срцето

За верификација на дијагнозата кај хроничните миокардити е потребно во медицинската документација да се обезбеди:

1) отпусна листа со опис на акутната фаза на болеста и понов специјалистички извештај со седиментација, фибриноген, EKG наод, телерадиографија на срцето, а ако нема медицински податоци за акутната фаза на болеста, ни позитивна анамнеза, потребни се повеќе специјалистички извештаи со податоци што ја оправдуваат главната дијагноза на хроничен миокардит (присуство на валвуларна срцева мана, перикардит), или отпусна листа од кардиолошко одделение со податоци за клиничкото испитување и лекување;

2) кај хронично белодробно срце: отпусна листа или специјалистички извештај со задолжителни податоци за болеста која довела до оштетување на белодробната функција, RÖ-графија на белите дробови, спирометрија по потреба, оксиметрија во мирување и со оптоварување, EKG наод. За дијагноза на хронично белодробно срце мораат во целост да се почитуваат електрокардиографските и клиничките критериуми што ги има дадено Комитетот на стручњаци на Светската здравствена организација и што се применуваат од 1968 година;

3) кај примарна кардиомиопатија: специјалистички извештај, со опис на физикалниот наод на срцето, за настанувањето и еволуцијата на болеста, EKG наод, телерадиографија на срцето. Резултатите од детајното испитување преку: ехокардиографија, векторкардиографија, ергометриски тест, по потреба да се врши клиничко испиту-

вање во текот на кое треба да се исклучи коронарна болест, хипертензивно заболување на срцето, срцеви мани и други;

4) за вродени срцеви мани се потребни специјалистички наоди или отпусни листи со резултатите од испитувањето: ехокардиографија, фонокардиографија, катетеризација на срцето, сегашна состојба на хемодинамското испитување на кардиоваскуларниот систем. Неопходно е да се наведат податоците за потребата од хируршка корекција, за резултатите од постоперативната состојба ако е работена хируршка интервенција.

19. Заболување на горните дишни патишта

Кај заболувањата на горните дишни патишта е потребна соодветна медицинска документација за верификација на дијагнозата.

Покрај задолжителната документација со која се идентификуваат видот и обемот на анатомските и функционалните оштетувања, задолжителни се и специјалистичките наоди од оториноларинголог.

20. Неспецифични белодробни заболувања

За верификација на дијагнозата на неспецифични белодробни заболувања потребна е медицинска документација, и тоа:

1) снимка на белите дробови во ПА положба и профилни снимки;

2) наод од спирометриско испитување, со евентуална примена на бронходилататер, неколку спирограми за да се стекне впечаток за реверзибилноста на растројството на белодробната функција;

3) определување на резидуалниот волумен со вообичаени методи;

4) резултати од испитувањето на гасовите во артериската крв во мирување и при оптоварување со физичка работа, ако се установи тешко оштетување на белодробната функција, кое трае подолго време (1 - 2 години);

5) кожни проби на стандардните инхалациони алергени и на алергените од работното место;

6) податоци за спроведените постапки на рехабилитација на респираторниот болен;

7) наод од кардиологот со опис на EKG.

21. Болести на дигестивниот систем, болести на хранопроводот, дуоденумот и други болести на цревата и перитонеумот

Клиничката дијагноза на болести на дигестивниот систем, болести на хранопроводот, желудникот, дуоденумот и други болести на цревата и перитонеумот се докажува со медицинска документација за почетокот на болеста, за текот на болеста, за начинот на лекувањето, за резултатите од лекувањето, за активноста на процесот, за стабилизацијата на процесот и за прогнозата. За да се докаже сегашната состојба, задолжителни се: рендгентска снимка, по потреба (зависно од заболувањето), гастроскопија, аспирациона диопсија на желудникот, дуоденумот и цревата, пасажа на цревата, иригоскопија, езофагоскопија, и тоа:

1) за болестите на црниот дроб, жолчното ќесе и панкреасот, дијагнозата се докажува со медицинска документација која зборува за почетокот на болеста, за текот на болеста, за резултатот од лекувањето, за резултатот од медицинската рехабилитација и за прогнозата. Заради приказ на сегашната состојба, потребен е клинички наод за испитување на функцијата на црниот дроб:

– испитување на екскреторната и секреторната функција на црниот дроб, билирубин во крвта - директен и индиректен, билирубин во урината, холестерол и алкална фосфатаза;

– испитување на способноста на црниот дроб за излачување на жолчни супстанции;

– BSP-тест (бром-сулфофталеински тест), по исклучок сцинтиграфија на црниот дроб;

– испитување на метаболизмот на јеглени хидрати, шеќер во крата, евентуална проба на оптоварување со гликоза;

– испитување на метаболизмот, на вкупните белтачини, електрофореза;

– флокулациони проби, калциум, Тимол заматување, Тимол-фокулации или други признати методи;

– определување на протромбинското време;

– испитувањето на ензимите; вредости на трансаминазата;

– RTG на хранопроводот.

2) кај инсуфициенција на црниот дроб потребна е и медицинска документација со која се докажува инсуфициенција на црниот дроб: знаци за застој во порталниот крвоток (спленомегалија, варицес на хранопроводот, асцитес) крвавења, едеми, жолтица, промени во крвта, промени на кожата, душевни и нервни растројства, итн., како и мислење од интернистот ако се работи за стационарна форма на болеста или за прогредиентна форма, како и негово мислење за прогнозата;

3) кај болестите на жолчното ќесе или панкреасот е потребен RTG наод на жолчното ќесе, RTG преглед на панкреасот и испитување на функциите на панкреасот (испитување метаболизмот на јаглените хидрати), преглед на фецесот на состојки на храната, преглед на дуоденалниот сок.

22. Болести на уринарниот систем, нефритиси и нефрози и други уринарни болести

Дијагнозата на болести на уринарниот систем, нефритиси и нефрози и други уринарни болести се докажуваат со медицинска документација за почетокот на болеста, за причината на болеста, за текот на болеста, за успехот на лекувањето и за прогнозата. Документацијата за сегашното анатомско-функционално оштетување треба да содржи:

– хемограм: хемотокрит, уреа, натриум, калциум, холестерол, вкупни белтачини, електрофореза и липиди;

– наод на уринот: албумен (квалитативно и квантитативно), седимент, шеќер, концентрација и реакција на урината;

– уринокултура;

– наод за функцијата на бубрезите; проба на концентрација, Phenolosulfophtalein-ска проба, серум на креатинин и креатинин клиренс;

– I.V. pyelogram (инфузионен пиелограм, а сосем по исклучок ретро-пнеумоперитонеум).

Во определени случаи е потребен резултат од ултразвук и радиореограм; сцинтиграм на бубрезите, како и артериографија кај промена на големината, формата и положбата на бубрезите.

Од специјалистичките наоди е потребен наод од окулист, а во случај на повишен крвен притисок – и наод од кардиолог.

23. Болести на кожата и поткожното ткиво

За верификување на дијагнозата на болести на кожата и на поткожното ткиво потребна е медицинска документација за почетокот на болеста, за причината на болеста, за текот на болеста, за резултатите од лекувањето и за прогнозата. Треба да се испита дали болеста настанала во врска со работата на работното место на осигуреникот.

24. Болести на мускулно-косниот систем и на врзивното ткиво

Болестите на мускулно-косниот систем и на врзивното ткиво опфаќаат: рематоиден артритис и други инфламоторни полиартропатии, остеоартрози и сродни заболувања, други неозначени артропатии, артропатии здружени со инфекции, анкилозирачки спондилитис и други спондилопатии.

За наведените заболувања е неопходна класична дијагностичка документација за дијагнозата, за терапевтските постапки и за текот на лекувањето, со функционален статус по лекувањето. За анкилозен спондилитис е неопходна состојбата на мотилитетот на 'рбетниот столб, спирометрија, гасни анализи и стандарден EKG наод, рендген-снимки, електрофореза на белтачини, реум-фактори, сцинтиграфија на коските (и тораксот).

25. Други болести на мускулниот 'рбетен систем

Болестите на мускулно-косниот систем опфаќаат: остеомиелитис, периоститис, други инфекции што ја зафаќаат коската, деформирачки оститис и остеопатија здружена со други заболувања, остеохондропатија и слични заболувања. Неопходни се стандардни дијагностички наоди и функционални наоди ако постои битно оштетување на функциите.

26. Конгенитални аномалии – деформитети

За сите конгенитални аномалии-деформитети е неопходна стандардна дијагностичка документација, вклучувајќи задолжително електродијагностика за сколиози и спондилолистеза, како и за Клипер-Феиловниот синдром, извештај за состојбата на мотилитетот и мускулниот систем на 'рбетниот столб. При сколиоза е задолжително да се прибави рендгенска снимка на сколиозата, со мерите на степенот на кривината, рендгенска снимка на градниот кош и белите дробови, наод од спирометрија и гасни наоди, стандарден EKG наод.

Посебна забелешка: за увид да се обезбеди здравствен картон и лекарско уверение за засновањето на работен однос.

27. Несреќни случаи, труења, насилства и преломи

За верификување на дијагнозата на несреќни случаи, труења, насилство и преломи е потребна документација која зборува за настанувањето на повредата, за причината, за текот на лекувањето, за текот на медицинската рехабилитација и за прогнозата.

Потребно е да се прикаже сегашната состојба, т.е. анатомското и функционалното оштетување, како и мислење за прогнозата.

Спрема карактерот на повредата, потребен е еден или повеќе специјалистички наоди, и тоа од: хирург, ортопед, рендгенолог, (со рендгенски снимки), физијатар, невропсихијатар, психолог, окулист, офталмолог.

28. Малигни заболувања (неоплазми)

За верификација на дијагнозата на малигни заболувања (неоплазми) се неопходни: извештаи за дијагностичките методи и постапки, хистолошко-патолошки наоди, стандардни рендгенски снимки, сцинтиграфии, ангиографии и други анализи што се вршени заради дијагностика и лекување, и извештај за извршеното лекување.

29. Повреда на телото

За преломите на коските на черепот е потребна медицинска документација, и тоа за:

– преломот на сводот на черепот: класични снимки;

– преломот на базата на черепот: класични снимки и снимка на прирамидата по Шилер и Стенверс;

– преломот на коските на лицето: класични снимки.

30. Дегенеративни болести на 'рбетниот столб

За верификација на дегенеративни болести на 'рбетниот столб, како што се: ункартрози, спондилози и сродни заболувања, спондилоартрози, дискартрози и дегенеративни заболувања на интервертебралниот дискус, се потребни стандардни рендгенски снимки и дополнителни рендгенски снимки во функционална положба на 'рбетниот столб, основни лабораториски анализи, извештаи за состојбата на мотилитетот и на мускулниот систем на 'рбетниот столб, како и извештај за битните последици, ако заостанале.

1) За заболувањата на интервертебралниот дискус е неопходно да се обезбеди: извештај за досегашните дијагностички постапки, вклучувајќи и извештај – наод на миелографијата, радиокулографијата ако се работени. Задолжитлен е електромиографски статус надолу од локализацијата на дискалното заболување за тангираните мускулни групи и тестови за мускулната сила. Извештај за извршеното конзервативно и оперативно лекување, со наведување на битните последици што преостанале, и извештај од невролог за состојбата на сфинктерот на мочното бабуле и дебелото црево.

2) Кај ампутација, во медицинската документација треба да се обезбедат: последната рендгенска снимка на чкунката и извештај за извршеното протетирање, за типот на протетското помагало, за завршената обука за употреба на помагалото и мислење за погодноста на помагалото – од установата што го извршила протетирањето.

3) Кај псевдоароза, во медицинската документација треба да се обезбедат: стандардни снимки и томографија.

1. Заболувања на периферниот васкуларен систем

За верификација на дијагнозата на заболување на периферниот васкуларен систем е потребна медицинска документација, и тоа:

1) кај заболување на периферната циркулација задолжителна е осцилографија, а ангиографија – ако е вршена во дијагностичка постапка;

2) кај заболување на периферниот венски систем – задолжителни се тестови за проодноста на длабоките вени;

3) кај заболување на длабоките вени – задолжителна е флегорафија.

32. Професионални болести

За професионалните болести е потребна медицинска и работна документација, докази за експозициониот период, за микроклиматските и микротехничките услови на работната средина (физички, физикални, хемиски и биолошки фактори карактеристични за работната средина и за технолошкиот процес), измерени со објективни методи. Задолжително да се наведе кои општи и хигиенско-технички мерки се спроведуваат заради заштита на работниците.

Потребна е медицинска документација и извештаи за неопходните и за спроведените дијагностички методи и постапки, со специфични показатели за секоја професионална болест посебно. Покрај тоа, треба да се наведат и побитните трајни последици. На увид се прилагаат: ерголошки податоци сврзани за систематските, контролните и слични прегледи, како увид во состојбата на работното место (еколошки снимки на работното место и околината).

Член 5

Заедниците – учеснички во склучувањето на оваа самоуправна спогодба ќе го следат нејзиното спроведување и за тоа меѓусебно ќе се информираат најмалку еднаш годишно.

Врз основа на резултатите од примената на оваа самоуправна спогодба можат по потреба да се вршат нејзини измени заради доизградување на критериумите на медицинското вештачење и заради унапредување на постапката за остварување на правата по основ на инвалидност.

Измени и дополненија на оваа самоуправна спогодба може да предложи секој учесник во нејзиното склучување.

Измените и дополненијата на оваа самоуправна спогодба се вршат на начинот и по постапката по која е склучена.

Член 6

Оваа самоуправна спогодба се смета склучена кога заедниците – преку овластените претставници – ќе ја потпишат.

Член 7

Кон оваа самоуправна спогодба можат да пристапат и републичките и покраинските сојузи и заедници за здравствено осигурување и здравство под услов да ги прифатат правата и обврските утврдени со оваа самоуправна спогодба.

Член 8

Оваа самоуправна спогодба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

За Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на Босна и Херцеговина,
Мердиќ Анка, с. р.

За Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија,
Ѓорѓиев Душко, с. р.

За Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на СР Словенија,
Гошник Миро, с. р.

За Републичката заедница за пензиско и инвалидско осигурување – Белград,
Степановиќ Никола, с. р.

За Републичката самоуправна интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд,
Јешиќ Јован, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Војводина,
Љубинко Милевиќ, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители на Војводина,
Боровац Антун, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на земјоделците на Војводина,
Пармаковиќ Зоран, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на Косово,
Миличиќ Душан, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Хрватска,
Јањиќ Душан, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на самостојните занаетчии, угостители и превозници на Хрватска – Загреб,
Стипе Стошиќ, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци во СР Хрватска,
Јањиќ Душан, с. р.

За Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Црна Гора,
Петар Ѓуровиќ, с. р.

За Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници,
д-р **Никола Биуковиќ**, с. р.

Белград, 18 април 1989 година

Назив на здравствената работна организација

Надлежен лекар _____

Број на здравствениот картон _____

Место _____

Датум _____

Образец бр. _____

Матичен број на граѓанинот

ПРЕДЛОГ ЗА МЕДИЦИНСКО ВЕШТАЧЕЊЕ,
со наод и мислење за здравствената состојба и за работната способност на осигуреникот

ОСИГУРЕНИКОТ СЕ УПАТУВА НА ИНВАЛИДСКА КОМИСИЈА: 1) на лично барање; 2) на предлог од надлежниот лекар; 3) на предлог од лекарска комисија; 4) по барање на работната организација; _____

1. ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОСИГУРЕНИКОТ

Име, татково име и презиме на осигуреникот: _____

Адреса на постојаниот престој _____

Занимање: _____ гранка на дејноста _____

ги врши работите и работните задачи _____

Работен стаж: _____

Личен број на осигуреникот: _____

Број на здравствената книшка: _____

ЗАБЕЛЕШКА: Пополнување на овој образец задолжително се врши со машина за пишување.

2. АНАМНЕЗА

а) Лична анамнеза (поранешни болести; повреди; професионални болести): _____

б) Семејна анамнеза: _____

в) Сегашни болести; повреди; професионални болести: _____

3. ЛЕКАРСКИ НАОД во моментот на подготвувањето на осигуреникот за упатување на инвалидска комисија

а) Статус презенс

Височина: _____ Тежина: _____ Пулс (фреквенција, ритам, квалитет): _____

RR (седечки): _____ (лежечки): _____

Кожа и видливи слузници: _____

Глава и врат: _____

Сетила:око, уво и вестимуларис: _____

Граден кош: _____

Бели дробови: _____

Срце: _____

Периферна циркулација (артериска и венска): _____

Мев: _____

Уро-генитални органи: _____

Локомоторен апарат - р'бет: _____

Екстремитети: _____

Невролошки наод: _____

Психостатус: _____

Евентуални посебни предупредувања од надлежниот лекар во врска со анамнезата или статусот пресенс на осигуреникот: _____

б) Општи лабораториски наоди (урин, комплетна крвна слика, SE):

_____

4. ПОДАТОЦИ ЗА ЛЕКУВАЊЕТО И РЕЗУЛТАТИ ОД ЛЕКУВАЊЕТО

а) Испитувања и постапка што е вршена заради утврдување на видот и тежината на болеста, односно на болната состојба кај осигуреникот

Да се наведат најбитните наоди, лабораториски, клинички, функционални и други видови испитувања и тестирања врз основа на кое е дефинирана здравствената состојба на осигуреникот (оригиналната документација на сите наоди да се даде во прилог кон овој образец) _____

б) Податоци за лекувањето и резултатите од лекувањето

Да се наведат најбитните податоци за лекувањето на основните и другите значајни заболувања: видовите на установи во кои осигуреникот е лекуван, видовите на установи во кои осигуреникот е лекуван, видовите на терапевтски третмани, траењето и резултатите од лекувањето: _____

Да се наведат податоците за привремената спреченост за работа на осигуреникот во последните три години (времето и должината на траењето на боледувањето, според дијагнозите назначени во хранаринските листи) _____

Да се наведат причините на лекарската комисија поради кои го упатува осигуреникот на инвалидска комисија заради медицинско вештачење _____

5. ДИЈАГНОЗИ (болести распоредени по важноста на влијанието врз работната способност)

	Латински назив на болеста	Шифра[1)]
Главна болест што е од битно влијание врз работната способност		
Други болести што влијаат врз работната способност		
Споредни болести што влијаат врз работната способност*)		

ЗАБЕЛЕШКА: *) Не влијаат врз работната способност, но можат да бидат од значење при давањето мислење за преостанатата рботна способност при распоредување на други работи или можат да бидат контраиндикација за работа на определени работи.

6. МИСЛЕЊЕ И СТАВ НА НАДЛЕЖНИОТ ЛЕКАР во врска со подготвувањето и обработувањето на осигуреникот за упатување на инвалидска комисија, заради медицинско вештачење за правата по основ на ризикот од инвалидност

– Дали дијагностичката постапка е окончана во целост _____

_____; дали со документацијата, *што се прилага*, во целост се потврдуваат запишаните дијагнози (верифицираност на дијагнозите), _____

_____

_____

1) Според важечката меѓународна класификација на причините на болеста.

– Дали се исцрпени сите можности за лекување, _____

ако не се, зошто _____

дали лекувањето може да се смета за окончено, _____

_____

– Дали со натамошно лекување и со посовремени методи на медицинска рехабилитација можат да се ублажат, во поголем степен, негативните последици од болеста и од повреди врз работната способност: _____

_____

– Дали болеста (повредата) оставила определени последици врз здравјето и работната способност на осигуреникот _____

_____; дали тие последици се од траен или привремен карактер: _____

_____

– Покрај оштетувањето на здравјето на осигуреникот, кои се другите околности кои негативно влијаат врз неговата работна способност. Дали се врзани за условите за работа, за техничко-технолошките услови, за специфичноста на професијата, специфичноста на работите и задачите и сл. _____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

– Со оглед на постојната здравствена состојба на осигуреникот, кои би биле кај него главните контраиндикации за работа, од медицинско гледиште _____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

и од гледиште на условите за работа: _____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

– Дали, според мислењето на надлежниот лекар, подготовката и обработката на осигуреникот за упатување на инвалидска комисија, заради медицинско вештачење, била комплетна и исправна ако не била, да се наведат причините поради кои тоа не било можно _____

_____

_____

_____

ЕВЕНТУАЛНИ ЗАБЕЛЕШКИ на надлежниот лекар упатени до инвалидската комисија _____

_____

_____

_____

НАДЛЕЖНИОТ ЛЕКАР, ПОКРАЈ СВОЈОТ НАОД И МИСЛЕЊЕ, ВО ОВОЈ ОБРАЗЕЦ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЈА ПРИЛАГА И СООДВЕТНАТА МЕДИЦИНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА која била основ за утврдување на здравствената состојба на осигуреникот и за верификација на дијагнозите, според утврдените критериуми.

ДОДАТНИ ПРАШАЊА:

1) дали осигуреникот првпат излегува на инвалидска комисија – да – не; ако веќе излегувал, да се наведе колку пати излегувал _____

и какви биле резултатите од оцената на инвалидноста, _____

_____

_____

2) дали осигуреникот бил на привремена работа во странство – да – не

Потпис
на надлежниот лекар,

_____

1037.

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/82, 77/82, 75/85, 8/87 и 65/87), Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на Босна и Херцеговина, Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на СР Словенија, Републичката заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Србија, Републичката самоуправна интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурвање на работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд на СР Србија, Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Војводина, Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители на Војводина, Самоуправната интересна заедница за пензискои инвалидско осигрууување на самостојните занаетчии и самостојните угостители на Војводина, Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на Косово, Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Хрватска, Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигуурвање на самостојните занаетчии, угостители и превозници на Хрватска, Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци на СР Хрватска, Заедницата за пензискои инвалидско осигурување на работниците на Црна Гора, Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници, што ги застапуваат овластени претставници склучуваат

САМОУПРАВНА СПОГОДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА САМОУПРАВНАТА СПОГОДБА ЗА ЛИСТАТА НА ТЕЛЕСНИТЕ ОШТЕТУВАЊА

Член 1

Во Самоуправната спогодба за Листата на телесните оштетувања („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/83) во член 2 на Листата на телесните оштетувања се вршат следните измени и дополненија:

Во глава V. Бели дробови и срце, под А. Бели дробови, во точка 4 во одредбата под б во став 3 формулата: „$VC.Mev.\frac{100 \cdot MEV"}{VC}$ се брише.

Во глава VI. Горни екстремитети, под Б. функционални растројувања во точка 8 одредбите под д и е се бришат.

Одредбата под ѓ станува одредба под д.

Глава VIII. Растројувања, намалување или загуба на фунцијата на 'рбетниот столб, се менува и гласи:

„VIII. РАСТРОЈУВАЊА, НАМАЛУВАЊЕ ИЛИ ЗАГУБА НА ФУНКЦИЈАТА НА 'РБЕТНИОТ СТОЛБ

1. Загуба на функцијата на одделен динамичен вертебрален сегмент:

а) целосна загуба на функцијата на еден сегмент на цервикалната регија — — — — — 30%

Кај целосна загуба на функцијата на секој нареден динамичен вертебрален сегмент, цервикален

дел на 'рбетниот столб, процентот на телесното оштетување се зголемува за — — — — — — — — — — — 10%

Еден вертебрален динамички сегмент се состои од два соедни прешлена и од целокупното меко ткиво што ги поврзува (интервертебралниот диск и сите лигаменти). Како целосна загуба на функцијата на еден сегмент се подразбира завршната фаза во текот на дегенеративниот процес на одделен динамичен сегмент.

Како целосна загуба на функцијата на еден сегмент се подразбираат последиците од сите процеси што доведуваат до целосна загуба на функцијата на еден сегмент (санран спондилитис, фрактура на телото, на прешлен, (morbus Behterev).

Загубата на функцијата на еден динамичен сегмент се докажува со клинички преглед и со функционални радиографии. Со функционални радиографии (во максимална инклинација и реклинација) се докажува целосната неподвижност во еден сегмент во смисла на завршната фаза.

б) торакална кифоза — — — — — — — — — — 30%

Како фиксирана торакална кифоза се подразбира целосна загуба на функцијата на аркуларната кифоза на деформирани торакален 'рбет (главно кај анкилозантен спондилитис – morbus Behterev и потешки форми на Scheurmannovata болест и сл).

в) Целосна загуба на функцијата на еден сегмент на лубмалната регија (завршна фаза) 30%

Кај целосна загуба на функцијата на секој нареден динамички вертебрален сегмент на лумбалниот дел на 'рбетниот столб процентот на телесното оштетување се зголемува за — — — — — — — — — 10%".

Во глава X. Урогенитални органи, под А. Мочни органи, се вршат следните измени и дополненија:

Во точка 1 по зборовите: „другиот бубрег" се додаваат зборовите: „и хируршко отстранување на еден здрав бубрег кај давателот".

Во точка 3 став 3 зборот: „анализи" се заменува со зборот: „вредностите", а кратенката: „IWP" се заменува со зборовите: „интравенска пиелографија".

По став 4, се додава називот на табелата кој гласи: „Нормални вредности".

Под Б. Генитални органи, точка 13 се менува и гласи:

„13. Ампутација на дојка:

а) ампутација на дојка, еднострано — — 30%
б) ампутација на дојка, обострана — — — 50%
в) ампутација на дојка, еднострано радикално — — — — — — — — — — — — 40%
г) ампутација на дојка, обострано радикално — — — — — — — — — — — — — 60%."

Член 2

Оваа самоуправна спогодба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ"

За Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на Босна и Херцеговина
Мердић Анка, с. р.

За Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија,
Ѓоргиев Душко, с. р.

За Заедницата за пензиско и инвалидско осигурување на СР Словенија,
Гошник Миро, с. р.

За Републичката заедница за пензиско и инвалидско осигурување - Белград,
Степановић Никола, с. р.

За Републичката самоуправна интересна заедица за пензиско и инвалидско осигурување на работните луѓе кои самостојно вршат дејност со личен труд,
Јешић Јован, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на рботниците на Војводина,
Милевић Љубинко, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители на Војводина,
Боровац Антун, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на земјоделците на Војводина,
Парамаковић Зоран, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на Косово,
Милић Душан, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на работниците на Хрватска,
Јањић Душан, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на самостојните занаетчии, угостители и превозници на Хрватска - Загреб,
Стипе Стошић, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци во СР Хрватска,
Јањић Душан, с. р.

За Заедницата за пензиско и инвалидско осигурувае на Црна Гора,
Ѓуровић Петар, с. р.

За заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници,
д-р **Никола Биуковић**, с. р.

Белград, 18 април 1989 година

1038.

Врз основа на член 31а став 10 од Законот за финансиското работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/89, 26/89, 35/89 и 58/89), Сојузниот завод за статистика утврдува

ПРОЦЕНТ

НА РАСТЕЖОТ НА ЖИВОТНИТЕ ТРОШОЦИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА, СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ И СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ВО ОКТОМВРИ 1989 ВО ОДНОС НА СЕПТЕМВРИ 1989 ГОДИНА

СФР Југославија	52,3%
СР Босна и Херцеговина	47,8%
СР Македонија	50,7%
СР Словенија	50,2%
СР Србија	57,6%
САП Војводина	60,0%
САП Косово	48,6%
СР Хрватска	51,5%
СР Црна Гора	51,1%

Забелешка: За територијата на СР Србија надвор од териториите на САП процентот на растежот на животните трошоци е 56,5%.

Бр.001-4063/1
27. октомври 1989 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за статистика,
д-р **Драгутин Групковић**, с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Уредбата за зголемување, намалување односно укинување на стапките на основниот данок на промет на алкохолни и безалкохолни пијалаци, објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 62/89, се поткрала долунаведената грешка, па се дава

ИСПРАВКА

НА УРЕДБАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ, НАМАЛУВАЊЕ, ОДНОСНО УКИНУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ОСНОВНИОТ ДАНОК НА ПРОМЕТ НА АЛКОХОЛНИ И БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛАЦИ

Во Уредбата за зголемување, намалување, односно укинување на стапките на основниот данок на промет на алкохолни и безалкохолни пијалаци во член 1 по зборовите: „точка 2" треба да се додадат по грешка испуштените зборови: „алинеја втора".

Од Секретаријатот за законодавство на Сојузниот извршен совет, Белград, 25 октомври 1989 година.

ПРОГРАМА НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРОГРАМАТА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ОД ИНТЕРЕС ЗА ЦЕЛАТА ЗЕМЈА ЗА 1989 ГОДИНА

Реден број	Назив и периодика на спроведување на истражувањето	Содржина на истражувањето	Кој е должен да даде податоци и во кој рок	Обврски на статистичките и на овластените органи и организации		Податоците се утврдуваат за			Рок за првите резултати на обработката за СФРЈ
				на Федерацијата	републиките и на автономните покраини	Опш.	СР САП	СФРЈ	
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10
			I. НОВИ ИСТРАЖУВАЊА[1]						
